# Културно-историско наследство

II година
Угостителско-туристичка струка
Хотелско-туристички техничар

м-р Весна Ѓуровска д-р Лидија Ковачева

***Автори***:
м-р Весна Ѓуровска
д-р Лидија Ковачева

***Рецензенти:***
1. Академик Проф. д-р Витомир Митевски
2. Проф. Тамара Петреска
3. Проф. Лимонка Арминовска

***Лектор:***
Марија Ангелова

***Коректура:***
м-р Роберт Петковски

***Техничка подготовка:***
д-р Лидија Ковачева

***Издавач***:
Министерство за образование и наука за Република Македонија

***Печати***:
Графички центар дооел, Скопје

***Тираж:*** 290

Со одлука бр.22-264/1 од 14.03.2013 на Националната комисија за учебници, се одобрува употреба на учебникот

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

930. 85 (075.3)

ЃУРОВСКА, Весна
Културно-историско наследство: II година угостителско-туристичка струка: хотелско-туристички техничар / Весна Ѓуровска, Лидија Ковачева. -Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2013. - 108 стр. : илустр. ; 26 см

ISBN 978-608-226-365-6

1. Ковачева, Лидија [автор]

COBISS.MK-ID 94269962

## Предговор

*Светското културно-историско наследство претставува основа, темел и белег за распознавање на секоја цивилизација. Сите уметнички форми на светското културно-историско наследство (архитектура, скулптура, сликарство, религија, музика, книжевност) се дефинирани и со закон заштитени.*

*Со изучување на овој учебник, ученикот може да добие солидна основа за тоа што претставува светското културно-историско наследство. Учебникот е изработен според наставната програма на наставниот предмет Културно-историско наследство за II година, за образовниот профил Угостителско-туристичка струка, хотелско-туристички техничар.*

*Материјата во учебникот е поделена на девет тематски целини: светско културно-историско наследство, праисторија, стар век, среден век, ренесанса, барок и рококо, европската уметност во XIX век, модерната уметност во XX век, културатат и уметноста на Далечниот Исток и Јужна Америка. Овие тематски целини треба да му помогнат на ученикот во реализација на поставените цели на наставната програма од овој предмет. По совладување на тематските целини, ученикот треба:*

- *да ги познава почетоците на светското културно-историско наследство во праисторијата;*
- *да го идентификува културно-историското наследство во стариот и средниот век;*
- *да го објаснува културно-историското наследство од епохата на раната и високата ренесанса;*
- *да ги разликува специфичностите на барокот и рококо уметноста;*
- *да ги опишува главните карактеристики на културата и уметноста во XIX и XX век;*
- *да го познава културно-историското наследство на Далечниот Исток и Јужна Америка, и да ги опишува нивните главни карактеристики;*
- *да негува чувство кон светското културно-историско наследство и неговите естетски вредности.*

*Покрај тоа, обработени се и конкретни цели кои ученикот треба да ги реализира преку обработување на тематските целини.*

*Авторите со благодарност ќе ги примат забелешките кои би придонеле за подобрување на содржината на овој учебник, како и укажувањата за можните направени пропусти и грешки во текстот.*

*Од авторите.*

## Содржина

**Предговор** ... 3

**Содржина** ... 4

**1. Светско културно–историско наследство** ... 7

Поим за култура и уметност ... 9

Уметноста низ историјата ... 9

**2. Праисторија** ... 11

Културата и уметноста во праисторијата ... 12

Праисториска култура и уметност на балканските простори и во Македонија ... 16

**3. Стар век** ... 19

Месопотамска култура и уметност ... 21

Египетска култура и уметност ... 23

Културата и уметноста во минојско-микенскиот свет ... 25

Културата и уметноста кај Старите Грци ... 27

Етрурска култура и уметност ... 30

Римска култура и уметност ... 31

Античката култура и уметност на балканските простори и во Македонија ... 33

**4. Среден век** ... 35

Рано христијанска култура и уметност ... 37

Византиска култура и уметност ... 38

Средновековна култура и уметност во Русија ... 41

Средновековна култура и уметност во Западна Европа ... 42

Исламско културно-историско наследство ... 45

**5. Ренесанса** ... 47

Рана ренесанса во Италија ... 49

Раната уметност во Фландрија, Франција и Германија ... 52

Висока ренесанса во Италија ... 53

Уметноста во Франција, Холандија и Германија во XVI век ... 58

*Развој на науката, книжевноста и музиката* ........................................... 59

**6. Барок и рококо** ........................................................................................ 61

*Културата и уметноста на барокот* ..................................................... 63

*Рококо-стил* ............................................................................................... 67

**7. Европската култура и уметност во XIX век** ................................ 69

*Класицизам* ................................................................................................ 71

*Романтизам* ............................................................................................... 73

*Реализам* .................................................................................................... 75

*Импресионизам* ......................................................................................... 76

*Културата и уметноста на балканските земји во XIX век* ..................... 77

*Културата и уметноста на Македонија во XIX век* ................................. 79

**8. Модерната уметност во XX век** ....................................................... 81

*Неоимпресионизам* .................................................................................. 83

*Постимпресионизам* ................................................................................ 83

*Модерна скулптура* ................................................................................. 84

*Симболизам* .............................................................................................. 85

*Фовизам* ..................................................................................................... 85

*Експресионизам* ....................................................................................... 86

*Кубизам* ...................................................................................................... 88

*Футуризам* ................................................................................................. 89

*Уметноста на апстракција* ...................................................................... 89

*Неопластицизам* ....................................................................................... 90

*Надреализам* ............................................................................................. 91

*Скулптурата во XX век* ............................................................................ 91

*Поп-арт и концептуализам* ..................................................................... 92

*Архитектурата во XX век* ....................................................................... 92

*Културатата во XX век* ............................................................................. 93

*Културата и уметноста во XX век на балканските простори и во Македонија* ............................................................................................. 94

**9. Културата и уметноста на Далечниот Исток и Јужна Америка** 97

*Културата и уметноста во Индија* ........................................................... 99

*Културата и уметноста во Кина* ............................................................. 101

*Културата и уметноста во Јужна Америка* ............................................ 102
***Толковен речник на поими*** ........................................................................ 105
***Користена литература*** ............................................................................ 107



# 1. Светско културно– историско наследство

- Поим за култура и уметност
- Уметноста низ историјата

## Светско културно-историско наследство

### Резиме на темата

Бројните материјални остатоци и археолошки артефакти се највидливиот израз на духовната и на материјалната народна култура, определени како *културно-историско наследство*, кое го претставува најголемото богатство на секоја земја. Секој народ има свое културно-историско наследство, а тоа заедно претставува *светското културно-историско наследство*.

Светското културно-историско наследство преку материјалната и духовната култура бележи континуитет од најстарите времиња сѐ до денес. За развојот на културата на овие простори сведочат голем број материјални остатоци откриени на бројните археолошки локалитети ширум светот.

Секој историски период се карактеризира со одреден стил на уметнички форми кои се развивале во текот на своето постоење. Светското културно-историско наследство ги бележи придобивките на уметничките остварувања, од различните цивилизации и различните периоди на историјата на уметност.

***Клучни термини:***

култура, уметност, уметнички форми, стил, правец

## Поим за култура и уметност

Главно обележје на народното културно, духовно и уметничко наследство е синкретизмот на културите и религиите на народите кои во различни временски периоди живееле на одредени простори.

За светското културно–историско наследство сведочат бројни извори, ***непишани*** (пред појавата на писмото) и ***пишани*** (по појавата на писмото). Со помош на материјалните извори се проучува и ***духовната култура,*** како што се *уметноста, религијата, културните* и *политичките врски*. Осознавањето на духовната култура е возможно, само доколку се знае дека секој материјален предмет се јавува како резултат на определена духовна вредност на човекот (мисла, идеја).

За да се разбере одредено уметничко дело, треба да се сфати што всушност уметникот сакал да каже, да се препознае убавината на неговиот начин на изразување и да се земе предвид епохата во која е создадено самото дело.

Уметничкото творештво има бројни специфични ***уметнички форми,*** кои со текот на времето трпат одредени промени. Според поделбата на уметноста кај Старите Грци, се издвојуваат шест уметнички форми: ***архитектура, скулптура, сликарство, танц, музика*** и ***книжевност.*** Подоцна, како уметнички форми се додаваат *филмот* и *фотографијата*.

**✍ Запомни:**

Делата кои оставиле најголем впечаток и влијание се нарекуваат ***ремек-дела.***

**✍ Запомни:**

***Културата*** претставува збир на материјални и духовни вредности кои се под влијание на традиционалните рамки и современите промени, кои го формираат прифатливото однесување на членовите на едно општество.

**✍ Запомни:**

***Уметноста*** е човечка дејност или производ на човечката дејност, која има за цел да ги стимулира човечките сетила, човечкиот ум и човечкиот дух.

**✍ Направи разлика:**

- Потребата за уметност се нарекува ***човечка креативност***.
- Со помош на човечката креативност се создава ***уметничко дело***.
- Оние кои ги создаваат уметничките дела, се нарекуваат ***уметници***.



***Сл. 1 Господ му вдахнува живот на Адам, фрагмент, дел од Страшниот суд, Микеланџело, Сикстинска капела, Ватикан, ремек-дело***

## Уметноста низ историјата

Уметноста се јавува како одговор на некоја длабока потреба на општеството во кое настанала. Првичната намена на уметноста во древните цивилизации била религиозна и најчесто упатувала на односот меѓу човекот и боговите. Со развојот на цивилизациите се јавиле различни потреби за уметничко изразување, како на пр.: прикажување на историски личности и нивните политички функции, некои историски случувања, мотиви од секојдневниот живот на луѓето итн. И покрај различните мотиви, уметноста најчесто е инспирирана од вистински настани и претставува сведок на времето во кое е создадена.

Уметноста, со сите форми на своето постоење не е статична, туку низ вековите се преобликувала и надополнувала. Секоја епоха се карактеризира со одреден стил на уметнички форми, кој се развивал во текот на своето постоење.

Секој историски период е одбележан со одредени уметнички стилови:

- ***праисториски период;***
- ***антички период;***
- ***среден век;***
- ***епоха на ренесансата;***
- ***епоха на барок и рококо;***
- ***уметноста во XIX век,*** кога наместо стилови се јавуваат правци и
- ***модерна уметност*** или ***уметноста на XX век.***

Во текот на историските периоди, сите овие уметнички стилови и правци, застапени во разните уметнички форми, дале врвни имиња од уметничката област, кои го одбележале дадениот период на нивното творештво.

***Истражувај:***

Посети еден од музеите и напиши есеј за уметничко дело кое ќе ти остави најголем впечаток.

***Направи разлика:***

- Историјата на уметност ги истражува различните облици на уметничкото изразување во поединечни епохи од најдалечното минато.
- Теоријата на уметност ја истражува природата на уметноста, а со тоа и суштинските обележја на уметничкото дело и неговата специфична естетска вредност.

***Дискутирај:***

Со наставникот по уметност разговарајте за разликите во уметничките правци и стилови.



# 2. Праисторија

- *Културата и уметноста во праисторијата*
- *Праисториска култура и уметност на балканските простори и во Македонија*

## Праисторија

### Резиме на темата

Праисторијата е период на развојот на човечкото општество, кој претходи на појавата на пишаните извори. Поделбата на периоди во праисторијата е извршена врз основа на проучувањето на развојот на материјалната култура и материјалните остатоци.

Најстарите форми на уметничко изразување се забележуваат во палеолитот. Откриените археолошки локалитети од времето на неолитот, преку бројните материјални артефакти ни ја предочуваат уметноста од овој период. Додека пак, металното време, како крајна етапа на праисторијата, нè воведува во периодот на првите цивилизации, со кои започнува историјата на стариот век.

### Клучни термини:

праисторија, палеолит, неолит, мегалитска култура, метално време, стар век, античка уметност

## Културата и уметноста во праисторијата

### Палеолитска култура и уметност

Праисторијата е најстариот период во развојот на човештвото, одбележан со: заеднички живот на праисториските луѓе во природни живеалишта – *пештери*; собирање плодови и лов на диви животни; појава на грубо обработени оружја и орудија од камен и коска; појава на говорот и откривањето и употребата на огнот.



**Сл. 2 Отпечаток на рака, прв материјален остаток од човекот, пештерата во Гаргас, Франција**

**Запомни:**

Палеолитските култури го добиле името според локалитетите каде што се пронајдени.

Првите обиди за уметничко изразување кај човекот се јавиле во ***палеолитот*** или *старо камено време*. Сите цртежи, гравури и слики се откриени во длабочините на пештерите, далеку од влезот, на неосветлени и тешко пристапни места за човекот. Циклус на извонредни ***пештерски слики*** со сцени на лов, диви животни и луѓе, се сочувани на ѕидовите и таваните во пештерите ***Ласко*** во Франција и ***Алтамира*** *во* Шпанија*.* ***Скулптурите*** се изработени во мали димензии од камен и коска. Најпознати се скулптурите со женски фигури, т.н. ***палеолитски Венери***, кои поради пренагласените делови на телото (стомак и гради) се сметале за *прамајка* и *симбол на плодноста.*



**Сл. 3 Вилендорфска Венера**

***Религијата*** се развила под одредени психолошки услови. Луѓето, пред појавите: гром, молња, вулкан, реки, карпи со чуден облик, разни животни итн., се чувствувале немоќни и ги доживувале за свети. За нив тие биле забранети *(табу)* и ги сместиле во сферата на божественото. Верувањето дека потекнуваат од некое животно, растение или предмет, довело до појава на ***тотемизмот,*** како најстара форма на верување.

***Истражувај:*** Што е тотемизам и дали денес постојат племиња кои веруваат во него?

**Размисли:**

Дали под поимот *палеолит* се означува одреден временски период, заеднички за целиот свет или пак тој претставува степен на развој низ кој поминале различни народи, во различно време?

✍ ***Дознај повеќе:*** Како до денес се сочувани палеолитските слики?

Сликите се цртани на самите карпи на пештерата, при што на вешт начин се искористувале пукнатините, испакнувањата и вдлабнатините од ѕидовите. Прво, на каменот се врежувала саканата претстава, потоа се боела со четка од животинско влакно или пердуви. Трајноста се должи на технологијата: карпата прво се мачка со животинско масло или смола, а потоа со боја направена од земјени бои, измешана со маст или билна млеч заради полесно врзување, потоа се насликува, се суши и останува трајна.



***Сл. 4 „Ранетиот бизон“, пештерата Алтамира, Северна Шпанија***



***Сл. 5 Стоунхенџ, Англија***

## Неолитска култура и уметност

***Неолитот*** или *младо камено време*, е времето кога човекот го напуштил ловот и започнал да се занимава со земјоделие и сточарство. Оттаму, бил врзан за земјата и се населувал во низини, крај реки и потоци. Тогаш за прв пат пристапил кон градење на засолништа, т.е. живеалишта, а со текот на времето и камени гробници и светилишта.

Овие верски објекти се граделе монументално, со огромни необработени камени блокови, тешки и по десетина тони. Градбата со огромни камени блокови довело до појава на ***мегалитска култура.*** Оваа монументална култура се јавува во западните краишта на Европа, а една од најпознатите е праисториската опсерваторија ***Стоунхенџ*** во ***Англија***.

Од овој период пронајдени се голем број керамички садови и разни примероци од ***релјефни прикази*** на *неолитски божици на карпа, идоли и маски,* на пр. ***мермерната глава од Кикладите***.

Неолитскиот земјоделец верувал дека секоја појава има ***душа*** *(анима)*, па оттука произлегува називот ***анимизам.***

✍ ***Истражувај:***

Какви промени настанале во животот на праисториските луѓе со појава на земјоделството и сточарството?



***Сл. 6 Мермерна глава, Киклади***

***Дознај повеќе и размисли, каде во Р. Македонија има вакви градби?***

Типовите на градби се разликувале во зависност од начинот на живот на луѓето. На почетокот на неолитот луѓето граделе ***земјанки*** или ***полуземјанки,*** градби вкопани во јами со кружен, правоаголен или коцкест неправилен облик, прекриени со покрив од гранки и премачкани со глина. Поради големите дождови, живеалиштата често пати биле поплавувани, па затоа се граделе надземни живеалишта со под од набиена земја, со sидови премачкани со кал и со покрив од гранки, кој бил поставен на трупец на средината на живеалиштето. Подоцна во неолитот се појавува поголема група на живеалишта лоцирани крај езера или мочурлива почва, т.н. ***соеници*** или ***наколни живеалишта.***



***Сл. 7 Земјанка***

***Изработи есеј:***

Направи споредба за начинот и местото на живеење на луѓето во палеолитот, неолитот и железното време.

## *Културата и уметноста во металното време*

Епохата на металите ја одбележуваат ***бронзеното*** и ***железното време,*** кои се карактеризираат со брз развој на општеството: градење на градови, тврдини, палати и др. Човекот научил да собира и обработува злато и сребро, а потоа и бакар (прво ги ковал со чекан, а потоа ги лиел).

***Уметничката дејност*** била насочена кон изработка на керамика, накит, делови од воена опрема и оружје, а основните материјали за изработка биле глината и металите: бронза, злато и железо. ***Архитектурата*** бележи посовршени заградени дрвени живеалишта, зацврстени со метални спојки. ***Скулптурите*** претежно биле обликувани со раце во влажна глина, која потоа се печела.

Овој период бележи повеќе пронајдоци: плуг, грнчарско колце, календар, писмо и др.



***Сл. 8 Делови од воена опрема и оружје (железно време)***

***Истражувај:***

Со својот наставник појдете до најблискиот археолошки локалитет или музеј и разговарајте за она што ќе го видите таму.

**✍Дознај повеќе и истражувај во библиотека или на Интернет за градбите во железното време**

Населените места биле градени на стратешки важни и непристапни возвишенија, лоцирани во речни долини или на важни патни правци. Овие населби биле опкружени со еден, два или повеќе високи одбранбени бедеми. Влезниот пат минувал низ бедемите, со што одбраната била поефикасна. Во внатрешноста на бедемите, покрај живеалиштата, биле сместени култните објекти и некрополите.



*Сл. 9 Реконструкција на утврдени живеалишта (железно време)*

Со потребата за пронаоѓање на нови предмети, обработување на металите и нивно трансформирање, започнува процесот на општественото раслојување и зачеток на класното општество.

**✍Дискутирај:**

На часот со наставникот разговарајте за начинот на живот на праисториските луѓе.

## Примитивна култура и уметност

При употребата на зборот *примитивен,* не се означува првобитната состојба на човештвото, туку начинот на живеење на одредена група на луѓе, кои останале да живеат во заедници, слични на оние од неолитот. И денес, постојат одредени примитивни заедници во тропските делови на Африка и Америка. Овие примитивни заедници имаат племенско уредување, живеат во селски населби и се занимаваат со земјоделие. Поради минималното ниво на развој, се сметаат за чувари на идентитетот на своите далечни предци, што слободно може да се забележи во богато наследство на обичаите, фолклорот и музиката. Главната карактеристика на обредните игри и церемонии кај овие народи е користењето на разновидни маски кои симболизираат демони или сменет идентитет.

**✍Задача:**

За подобро да ги разбереш примитивните заедници и нивната култура и уметност, преку Интернет истражи за австралиското племе Абориџини.



*Сл. 10 Австралиски Абориџин*

## *Праисториска култура и уметност на балканските простори и во Македонија*

### *Праисториска култура и уметност на балканските простори*



*Сл. 11 Кромањонец*

Првите обиди за уметничко изразување се забележуваат од времето на почетоците на *палеолитот*. Присуството на **кромањонецот**, за кого слободно може да се каже дека е *хомо сапиенс,* се забележува во северозападниот дел на Балканскиот Полуостров. Тој се смета за високо интелигентен и наодите и материјалните остатки од овој човек се третираат за уметност. Ловел со копје, лак и стрела, а употребувал и камен меч обработен од една страна. Живеел во колиба изработена од кожа, ги познавал иглата за шиење направена од коска, накитот од слонова коска, школки и др., а голем напредок било и откривањето и употребата на огнот.



*Сл. 12 Скулптура, Лепенски Вир*

Најстарата архитектура и монументална скулптура на Балканот е изведена во населбата ***Лепенски Вир,*** недалеку од Ѓердапската Клисура, Србија, од пред VIII милениум пр. н. е. Пронајдени се голем број скулптури со јајцевидна форма и човечки лик, претставени со широко отворени очи и уста на риба. Жителите од оваа населба се сметаат за автори на најискрените човечки чувства на болка, тага и горчина, која била единствена во тој период во Европа и светот, а за кои се претпоставува дека се должат на некоја катастрофа која им се случила.

***Дознај повеќе:***
Живеалиштата во Лепенски Вир биле градени со трапезоидна форма, сместени едно крај друго, чие поврзување имало одредено магиско и ритуално значење, а пропорциите биле тајна и ги знаеле само неколку луѓе или еден член на заедницата.

***Размисли:***
На Интернет истражи за живеалиштата во Лепенски Вир во Србија и на часот, разговарајте за културата, уметноста, религијата и начинот на живеење на овие праисториски луѓе.

## Праисториска култура и уметност во Македонија

Уметничката и материјалната култура на територијата на Македонија бележи континуитет од најстарите времиња на човечкото постоење. Од бројните материјални откритија се издвојуваат: две извонредни скулптури со фигура на жена во ликот на ***Големата мајка,*** заштитничка на домот и домашното огниште, мајка која раѓа и го обновува животот на земјата, откриени на археолошките локалитети во *Тумба Маџари* и *Говрлево* кај Скопје и двете датирани од среден неолит; бронзената статуа од доцно бронзено време ***Тетовската Менада***, датирана од VI век пр. н. е., пронајдена во дворјанска гробница во *Тетово* и др. Како составен дел од македонската материјална култура е и ***мегалитската опсерваторија Кокино,*** во атарот на селото Кокино, *Куманово*.



*Сл. 13 Големата мајка, Говрлево*



*Сл. 14 Менада, Тетово*

Посебно внимание заслужуваат погребните култни предмети наменети за владетелите: златната маска и златната ракавица со златен прстен, откриени во 2002 година на локалитетот ***Самуилова Тврдина, Горна Порта*** во *Охрид,* кои датираат од крајот на VI и почеток на V век пр. н. е., што сведочи за богатиот религиозен живот на македонските простори од најдалечното минато.



*Сл. 15 Златна маска и ракавица, Самуилова Тврдина, Горна Порта, Охрид*

Периодот на праисторијата во Македонија е одбележан со бројни откритија: оружја, култни и религиски предмети, предмети изработени од керамика и др. Со започнувањето на локалното изработување на накит од бакар и калај, се воведува терминот ***македонски бронзи***, што сведочи за бројните откритија на ѓердани, обетки, токи, копчиња, колани итн.во нашата земја.

**✍ Напиши есеј:**

Опиши едно од бројните откритија од праисторискиот период на територијата на Македонија.

**✍Истражувај:**

Каква била намената на мегалитската опсерваторија Кокино и направи споредба со Стоунхенџ во Англија?



# 3. Стар век

Месопотамска и персиска култура и уметност

Египетска култура и уметност

Културата и уметноста во минојско-микенскиот свет

Културата и уметноста кај Старите Грци

Етрурска култура и уметност

Римска култура и уметност

Античката култура и уметност на балканските простори и во Македонија

## Стар век

### Резиме на темата

Периодот меѓу крајот на неолитот и средниот век се нарекува ***стар свет.*** Културата и уметноста на стариот свет го опфаќа регионот околу Медитеранот (Месопотамија, Персија, Вавилон, Египет, Минојско–микенска цивилизација, Стара Грција, Етрурска цивилизација, Стар Рим).

Уметноста во овој период била во служба на религијата и се карактеризира со монументален карактер, со изградба на гробници, пирамиди, светилишта, скулптури, столбови итн.

Овој период го одбележуваат појавата на писмото и најстарите пишани споменици во светската литература, појавата на епот и лириката поврзани со музичкиот инструмент лира, драмата (трагедија и комедија), почетоците на философската мисла и појавата на врвните философски имиња.

### Клучни термини:

стар век, античка уметност, светилишта, пирамиди, писмо, еп, лирика, лира, драма, философија

## Месопотамска култура и уметност

Првата голема историска култура настанала во долините на реките Тигар и Еуфрат, па оттаму и нејзиното име Месопотамија, „земја меѓу две реки". Месопотамија ја одбележуваат три периоди со свои културни, политички и просторни обележја: ***сумерски, акадски*** и ***асирски период.***

Градовите изобилувале со палати и светилишта на старите месопотамски божества. На ѕидовите на палатите се забележува *ѕидно сликарство* со изведби на човечки и животински фигури. На *скулптурите* се прикажани божества и достојни владетели облечени во раскошна облека, со бујна коса, брада и др. Градовите биле утврдени со ѕидини на кои имало поставено монументални порти со камени довратници. Ремек–дело во месопотамското градежништво е ***Градската порта во Вавилон***, посветена на божицата Иштар. Во центарот на градот се наоѓал *храм во кој престојувало свештенството* (т.н. *зигурат*), а одоколу биле групирани куќите. Еден од најстарите зигурати бил изграден во градот ***Урук.*** Во Вавилон, како *едно од седумте светски чуда*, била изградена најстарата опсерваторија во светот, ***Вавилонската кула.***



***Сл. 16 Хамураби го носи Законот, Акад***



***Сл. 17 Градската порта во Вавилон***



***Сл. 18 Цртеж на Вавилонската кула***

**✍Дознај повеќе:**

Градовите ги граделе од глинени плочи и дрва, а понекогаш и камен. Централниот простор на градот претставувал вештачко брдо со пирамидална форма, на чиј пресечен врв се наоѓал храм. Во храмот престојувало свештенството, а куќите биле групирани околу овој свет простор. До храмот се доаѓало по скали поставени на разни платформи изработени од дрво и глина, а се среќава камен и мозаик.

Месопотамската култура ја одбележува појавата на првото сликовно писмо, наречено ***клинесто писмо,*** со кое трговските договори се запишувале на глинени таблички. За најстар пишан споменик во светската литература се смета ***сумерскиот еп за Гилгамеш***, а од голема важност е и вавилонскиот еп за создавањето на светот ***Енума Елиш***. Вавилонците ги поставиле темелите на науките: медицина, математика, астрологија, а го создале и календарот. Божествата ги идентификувале со природните појави: небесни тела, вода, ветер, светлина и др., на пример, богот на небото *Ану,* божицата на водите *Тиамант* и др.

***Потсети се:***

Со наставникот по македонски јазик, потсети се за херојските дела на Гилгамеш, од истоимениот еп.

***Напиши есеј :***

Опиши една од градбите во Вавилон.

***Задача:***

Преку Интернет истражи за појавата и развојот на клинестите знаци и начинот на нивното пишување, и обиди се сам да напишеш некој знак.



***Сл. 19 Глинена табличка со клинесто писмо***

## *Персиска култура и уметност*

***Персиската уметност*** се нарекува уште и ***ахеменидска уметност,*** според династијата на Ахеменидите. Таа претставува синтеза на повеќе уметности (месопотамска, египетска).

За значајни градби се сметаат палатите, од кои се издвојува ***палатата на Дариј во Персеполис,***



***Сл. 20 Остатоци од палатата на Дариј во Персеполис***

изградена на платформи, со многубројни дворови, сали и столбови.

Од ***палатата на Дариј во Суза*** се издвојува ***Крилестата Сфинга.*** За чиста персиска творба се сметаат животинските глави поставени на врвот на столбовите во палатите. Релјефот на палатите имал церемонијален карактер и на сцените секогаш се раскажувало некоја световна или митолошка случка, и се прикажувале владетели со богата облека со набори.



**Сл. 21 Крилеста Сфинга, Суза**

Персијците немале храмови и жртвите на божествата ги принесувале под ведро небо. Тие верувале во доброто и злото, светлината и темнината, *религија,* чиј основач бил ***Заратустра***.



**Сл. 22 Пирамидите од Гиза, Сахара**

## Египетска култура и уметност

Египетската уметност се појавила како резултат на развојот на египетската цивилизација, лоцирана на средниот и долниот тек на реката Нил. Заедничка нишка на уметничкото изразување во областа на архитектурата, скулптурата и сликарството е *уметноста која била поставена во служба на мртвите.*

***Архитектурата*** била со сакрален карактер. Се граделе пирамиди - величествени гробници на фараоните, чија божествена природа се искажувала според големината на гробниците, на пр. *пирамидите на* ***Кеопс, Кефрен*** и ***Микерен***. Пред пирамидата на *Кефрен*, како чувар на некрополата е поставена ***Сфинга,*** со должина од 20 м и висина од 73 м. Главата и

***✍Истражувај:***

Во библиотека или на Интернет истражи за пирамидите во Египет и направи есеј по свој избор.

***✍ Дознај повеќе:***

Пирамидите се градени од варовнички блокови, високи од 90 до 140 м. Составени се од четири дела: влез; темен ходник кој води до храмот на мртвите; дел каде се извршувала церемонијата на балсамирање и погребување; и самата пирамида. На предната страна се украсени со статуи од божества, а влезот секогаш им е на северната страна. Пирамидите никогаш не биле градени крај реките и на плодно земјиште.



Сл. 23 Пирамидата на Кефрен со Сфинга

лицето се изведени според ликот на фараонот Кефрен, додека телото е во форма на граблива мачка. Со текот на времето се напуштила градбата на пирамиди, а гробовите на фараоните се копале во карпи во долината на Теба, т.н. ***Долина на фараоните.***

Храмовите изобилувале со бројни столбови и големи простории, во чија внатрешност биле поставени монументални скулптури на фараоните, на пр. ***храмот на Амон Ра во Карнак***. Мотивите од ***сликарството*** биле црпени од секојдневниот живот: фигури со грациозни тела, овчарско стадо, лов, риболов, собирање папирус и др.



Сл. 24 Дел од храмот на Амон Ра, Карнак

***Запомни:***

***Египетското сликарство*** се темелело на ***канони*** *(закони)* кои ретко се напуштале: *при изработка на релјеф, човечката фигура секогаш е изведена во профил, окото и рамениците се во анфас, а нозете во чекор.*

Од боговите, најпочитувани биле врховниот бог ***Амон Ра*** – богот на Сонцето, ***Озирис*** – богот на мртвите и др. Верувале во бесмртноста на душата и телото. Главна грижа им била задгробниот живот на починатите, кои само со неоштетено тело можеле и понатаму да живеат во царството на боговите. Развиле цел систем на балсамирање на покојниците, кои откако ги мумифицирале, ги погребувале во гробници со богат инвентар: накит и скулптури од злато, ѕидни слики и др.



Сл. 25 Египетски хиероглифи

Египќаните дале голем придонес во појавата и развојот на писмото и писменоста. Го создале ***хиероглифското писмо*** со околу 700 знаци и ја откриле вештината за изработка на папирус. Најпознато дело *е Книгата на мртвите.*

***Истражувај:***

Каква била постапката на мумифицирање на телото на покојникот?

## Културата и уметноста во минојско-микенскиот свет

✍**Разграничи:**

Бронзеното време на Крит е означено како:

-***минојски период***, наречен според митскиот крал *Минос,* и -***микенски период***, наречен според тврдината и палатата во Микена.



**Сл. 26 Палатата во Кносос**

### Минојска цивилизација

За развиеноста на ***минојската култура и уметност*** сведочат бројните материјални останки.

***Архитектурата*** се карактеризира со големи палати, вид станбени згради градени од камен, на пр. ***Палатата во Кносос,*** позната како ***Минотауров лавиринт***.



**Сл. 27 Парижанка, Кносос**

***Ѕидното (фреско) сликарство*** се сретнува на ѕидовите од палатите со мотиви на цвеќе, морски свет и др., работено во природни големини. Ремек-дело на минојското сликарство е ***Парижанка,*** портрет на жена со долга црна коса, длабоко деколте и силно црвени усни. Било застапено и *вазното сликарство; оружјето* и *орудијата* ги изработувале од метал и камен, а *накитот* од слонова коска и злато.

Слично на останатите древни цивилизации и Минојците создале свое писмо, т.н. ***линеарно А писмо***, кое сè уште не е дешифрирано.

Основа на минојската ***религија*** бил *култот на Мајката божица на плодноста,* додека главни религиозни обележја биле бикот, двојната секира *лабрис*, отворените светилишта, култните пештери и дрвјата кои сведочат за нивниот богат религиозен живот.

✍**Размисли:**

Какво било влијанието на Минојската цивилизација врз другите цивилизации и кои се претпоставките за нејзиниот пад?

✍**Дискутирај:**

Со наставникот на часот потсетете се на митот за минотаорот.

## Микенска цивилизација

Микена бил најуреден и најбогат град со злато меѓу старогрчките градови. Градот бил лоциран на височинка, опколен со одбранбени ѕидини направени од неправилни камени блокови со дебелина од 3 до 6 м. Бидејќи овие ѕидини во легендите се спомнуваат како дело на Киклопите, наречени се ***Киклопски ѕидини.*** Во градот се влегувало низ величествената ***Лавовска порта***, на која биле претставени два лава. Најмонументална тркалезна градба од Микена е ***Атреевата ризница*** или ***гробница,*** која припаѓала на митскиот крал Атреј.



*Сл. 28 Лавовска порта, Микена*

Жителите на Микена, со одредени разлики презеле многу нешта од Минојците: ѕидно сликарство, писмо, палати и др. Наспроти ѕидното (фреско) сликарство кое во голема мера било застапено преку флоралните мотиви, скулптурата многу малку била застапена и тоа преку изработка на вази од злато без декорација. Се издвојуваат *златните маски* со кои се покривале лицата на покојните кралеви.



*Сл. 29 Златна маска, Микена*

Првите писмени споменици од ***микенското линеарно Б писмо*** се откриени на островот Крит и во Микена. Писмото е именувано од страна на познатиот англиски археолог ***Сер Артур Еванс***, кој всушност прв и го открил. Знаците се пишувале од лево на десно, а податоците од плочките ги откриваат давачките за божествата во светилиштата.

**✍Размисли:**

Каде на друго место се откриени златни маски и дали имале иста намена?

Во ***религијата*** се забележува двоен концепт на почитување на Небото со олимпските божества и Земјата со земските божества.



*Сл. 30 Линеарно Б писмо*

***✍Изработи проект: Појава и развој на писмото***

- кај Сумерите: сликовито писмо;
- во Египет: хиероглифско писмо;
- во Месопотамија: клинесто писмо;
- кај Феничаните: фонетско гласовно писмо; и
- кај Микенците: линеарно Б писмо.

## Троја


Сл. 31 Реконструкција на Троја

За пионер во археолошките истражувања водени на Троја (на брдото Хисарлик, денешна Турција), се смета ***Хајнрих Шлиман***. Градот Троја бил голем палатен трговски центар, заграден со дебели одбранбени ѕидови направени од тула, а населен во „долниот град“. Причините за уривањето на Троја не се познати, но постојат многу претпоставки: земјотрес, катастрофа и др.

Иако по уривањето на Троја настапил одреден период на културно и цивилизациско опаѓање, сепак во овој период се создадени двете најголеми епски дела на Хомер, ***Илијада*** и ***Одисеја*** (VIII век пр. н. е.), запишани со писмо.


Сл.32 Хомер

***✍ Дискутирај:***

Заедно со наставникот по македонски јазик, потсетете се и разговарајте за содржините на *Илијада* и *Одисеја*.

Во овој период се појавиле ***аојди*** (*пејачи*), кои со помош на инструментот лира пееле за јуначките дела и за славните микенски центри. ***Лирата*** е единствениот жичен инструмент посведочен во минојската и микенската цивилизација.


Сл. 33 Свирач на лира

***✍Дознај повеќе:***

Лирата била составена од два странични лака изработени од дрво, слонова коска или животински рогови. Жиците биле изработени од овчи црева или жили. При музичка изведба, музичарите ја држеле лирата исправено, при што таа била прицврстена со лента за зглобовите на левата рака. Музичарите удирале по жиците со прсти или перце.

## Културата и уметноста кај Старите Грци

> ✍ **Запомни:**
>
> Старите Грци ги создале *каноните,* т.е. *идеалните обрасци* кои ги употребувале во уметноста, без разлика дали се работело за скулптура на човечко тело или за некоја архитектонска градба. Создавањето на идеална пропорција во која ниту една големина нема да доминира над друга и која ќе обезбеди целосна хармонија, ја довело старогрчката уметност до идеалност.

Најголемиот културен, образовен и уметнички центар на територијата на Стара Грција бил градот Атина, која го дала печатот на старогрчката античка култура. Најважните карактеристики на старогрчката античка култура биле ***антропоморфизмот*** (прикажување на божествата како луѓе) и тежнеењето кон потребите и обичаите на слободниот народ, *демосот*, па оттаму, сето културно и уметничко творештво било создадено кон таа насока.

***Старогрчката архитектура*** е тесно поврзана со митологијата и својот најголем уметнички израз го дала во архитектурата на ***храмовите,*** јавни градби градени од камен и мермер. Бидејќи храмот бил наменет за божествата, народот немал пристап во неговата внатрешност. Затоа, целото уметничко внимание било насочено кон уредување на надворешноста на храмот, неговите пропорции и декорации. Тежнеењето кон идеални пропорции со градба на столб и греда, се забележува на храмот ***Партенон*** на ***Акропол*** во Атина, подигнат во чест на божицата Атена. Како обврзен елемент во секој храм биле ***столбовите*** кои се развиле во три стила: ***дорски, јонски*** и ***коринтски стил.***



Сл. 34 Акропол, Атина

***Театрите,*** исто така, претставувале јавни градби на кои се изведувале најголемите трагедии и комедии. Тие биле градени на отворено, вообичаено на падините со закосено земјиште. Се карактеризирале со многу едноставен и функционален облик и извонредна акустика. Најрепрезентативен пример е ***театарот во Делфи.***



Сл. 35 Театарот во Делфи

***Скулптурите*** биле изработувани во чест на божествата и изобилувале со митолошки претстави. Скулптурата со совршен машки лик, ***курос,*** се смета дека го претставувал ликот на богот на убавината, Аполон. Скулптурата со совршен женски лик, ***кора,*** претставувала фигура на млада девојка која држи овошје или дар во рацете.



*Сл. 36 Кора*

**Дознај повеќе:**

Старите Грци се труделе скулптурите да ги прикажат идеализирано и без недостатоци. Меѓутоа, било многу тешко да се направи совршен човечки лик од дрво, бронза или мермер, доколку пред себе немале совршен човечки лик. Затоа, за совршен жив модел по кој ќе се прават скулптурите на божествата, ги одредиле младите момчиња од 15-16 годишна возраст со тело на возрасен човек и прекрасните млади девојки.



*Сл. 37 Црвено-фигурална ваза*

Од *сликарството* е останато многу малку, за разлика од ***вазното сликарство,*** кое е сочувано во обемни количини. Вазите се изработувале од најфина глина, обработувана на *грнчарско колце* на кое штом ќе добиеле форма, се печеле и на крајот се боеле и декорирале со различни фигури. Вазите претставуваат едни од најубавите уметнички дела од старогрчката уметност.



*Сл. 38 Фрлач на диск*

Како неизоставен дел од животот на Старите Грци биле ***митологијата*** и ***религијата,*** сплотени во верувањата во олимписките божества, замислени со лик на луѓето. На божествата им граделе раскошни храмови, во нивна чест празнувале одредени денови во годината на кои им принесувале разни жртви и дарови, учествувале во мистерии (на пр. *Елевсинските мистерии*) и приредувале различни свечености и натпревари. Во чест на врховниот бог Зевс, биле организирани и првите ***Олимписки игри***.

**Размисли:**
Кога биле одржани првите Олимписки игри и со кои спортови се натпреварувале учесниците?

Се смета дека Старите Грци го презеле писмото од Феничаните и ги сочувале формата на буквите, нивното место и ред во писмото, со што го создале писмото ***алфабет.*** Новината која ја внеле е приспособувањето на знаците по звучност. Тие го промениле и правецот на пишување од лево кон десно, сметајќи го *„на среќно“.* Создавањето на алфабетското писмо е најкрупниот чекор во развојот на човештвото.



*Сл. 39 Академијата на Платон, мозаик од Помпеја*

На територијата на Стара Грција се појавиле и почетоците на западната философска мисла, како *наука за мудроста*. Од тој период потекнуваат врвни имиња, кои, освен во философијата дале голем придонес во развојот и на другите науки: математика, астрономија, медицина, ботаника, историја, географија итн. Од областа на философијата се издвојуваат имињата на ***Сократ, Платон*** и ***Аристотел;*** од математиката ***Питагора,*** од медицината ***Хипократ,*** од историјата ***Херодот, Плутарх,*** од географијата ***Страбон*** и др. Познатите философи почнале да отвораат академии/школи во кои се учело философија, на пр. *Академијата на Платон.*

***Дознај повеќе:***

Маските биле изработувани од маскар, правени од платно, а во постаро време од кора од дрво. На предната страна имале еден широк отвор за устата и два помали отвори за очите. Актерите во трагедиите носеле свечени долги наметки, кои досегнувале до глуждот. За да биде актерот покрупен, му прицврстувале перници, една на градите и една на стомакот. Обувките кои ги носеле за време на трагедиите биле многу високи и биле изработени со дебел дрвен ѓон.

Литературата го бележи развојот на епот и лириката. Најзначајната жена на сите времиња која оставила најдлабок печат во лирското пеење била ***Сапфо.*** Со текот на времето дошло до појава и развој на повеќе книжевни родови: драма, комедија и трагедија. Трагедиите и комедиите се изведувале во вид на натпревари во театрите, вообичаено за време на празниците: *Големи* и *Мали Дионисии* и *Ленаи*. Од трагичарите се издвојуваат имињата на ***Софокле, Еврипид*** и др., а од комичарите ***Аристофан.*** За време на изведбата на драмските претстави, актерите носеле *маски* и биле облечени во *драмски костуми* и *обувки.*



*Сл. 40 Трагично–комични маски, мозаик*

***Напиши есеј :***

Животот и делото на еден од старогрчките философи или книжевници.

## Хеленистичка култура и уметност

Развојот на хеленизмот во областа на духовната и материјалната култура, како и на уметничкото творење започнал по смртта на Александар III Македонски. Хеленистичкиот период со античката македонска држава, која поседувала силен космополитски дух, придонел Балканот да биде преплавен со ориентални култови. Тој е најброен по творечкиот опус, но е најсиромашен со уметнички дела. Карактеристика на хеленистичката уметност е претставување на *портрети на реални личности*, на пр. *портретот на Софокле*. Најубавото скулпторско дело од хеленизмот е фигурата на ***Нике од Самотраки***, без глава и раце, но со ангелски крилја кои навестуваат дека секој миг ќе полетаат.



Сл. 41 Нике од Самотраки

✍**Дискутирај:**

Што претставува волчицата за Рим и потсетете се на легендата за основањето на градот Рим.

## Етрурска култура и уметност

За потеклото, историјата и културата на Етрурците многу малку е познато. Значајни примери на етрурската култура се забележуваат во ***гробната архитектура.*** Покојниците ги погребувале во *кружни гробници*, т.н. ***тумби,*** кои биле богати со прилози и сликарска декорација која изобилува со сцени од лов и риболов, гозби, свирачи и танцувачи, со цел збогатување на социјалниот живот на покојникот. ***Скулптурите*** се изработувани од глина, камен и бронза. Ремек–дело на етрурската скулптура е ***статуата на Аполон од Веј,*** а од скулпторот од Веј сочувана е и ***бронзената статуа на волчица,*** која според римската митологија ги отхранила Ромул и Рем. Верувале дека светот, кој го контролираат божествата, се манифестира во секој дел од природата и во предметите создадени од луѓето. Го дале и најголемиот придонес во создавањето на ***писмото абецеда,*** преку позајмување на алфабетското писмо во VII век пр. н. е.



Сл. 42 Тумба Черветери



Сл. 43 Волчицата, симболот на Рим

## Римска култура и уметност



Сл. 44 Реконструкција на Римскиот форум

Римската цивилизација го носи името на градот Рим, лоциран во областа Латиум, населена со италското племе Латини. Духот на римскиот народ повеќе се произнесол во сферата на политичката, воената и државната организација, а помалку во оригиналното уметничко создавање. Својата оригиналност Римјаните ја покажале во архитектурата и во уметничкото цртање на портрети.



Сл. 45 Колосеум, Рим

***Архитектурата*** била најмногу застапена во Рим и сите градби биле монументални и со јавен и световен карактер. Градовите поседувале: *форум* - јавен плоштад во центарот на градот каде што се одвивал јавниот живот, на пр. ***Римскиот форум,*** потоа базилики, пазари, библиотеки, театри, згради за живеење, јавни бањи и др. Со помош на аквадукти (водоводи) носеле вода за пиење во градовите. Се граделе патишта и мостови наменети за воени цели и граѓански потреби, а за одбележувањето на воените победи се граделе и триумфални порти. Ремек–дела на римската архитектура се ***Пантеон***, храмот на сите божества подигнат на Марсовото Поле во Рим и ***Колосеум***, најголемиот амфитеатар во Рим.

***Напиши есеј:***

Опиши една од најзначајните градби во Рим.

***Дознај повеќе:***

Колосеумот претставува огромна отворена арена, долга 188 м, во која можеле да се сместат околу 50 000 посетители. Изграден е со фасада на три ката, но која служела само за визуелен ефект. Тој нудел повеќе можности: по потреба се осветлувал за време на ноќните претстави, можел да се покрие со огромна платнена натстрешница, боралиштето (арената) можело да се наполни со вода и во него да се прикажуваат поморски битки со помали бродови. Во него се одржувале трки, гладијаторски борби и борби на робови со диви животни. Денес Колосеумот претставува едно од најголемите светски културни наследства.

Оригиналноста на Рим се забележува во портретите на ***скулптурите***, на кои човекот е претставен реално. ***Сликарството*** како техника во Рим е многу ретко застапено и главно се пројавува во ***мозаикот.*** Во Рим посебно се истакнуваат подните мозаици, составени од ситни каменчиња во прекрасни бои. Еден од познатите мозаици е откриен во Помпеја, во ***Куќата на фаунот***, денес во Неапол, каде на подот има мозаик на кој се изведени претставите на ***Дариј и Александар III Македонски во битката кај месноста Ис***.



*Сл. 46 Битката на Ис, мозаик, Неапол*



*Сл. 47 Бахантки, Помпеја*

***Ѕидното сликарство*** во Рим е ретко, додека сликарството на ѕидовите во градот Помпеја е целосно сочувано. Помпеја се наоѓала во близината на планината Везув. Благодарение на вулканската ерупција на Везув, градот цели 18 века бил затрупан, т.е. конзервиран. Градот е откриен во XX век. Оттаму, римското сликарство се нарекува ***Помпеанско сликарство***. Најпозната композиција насликана на ѕидовите на една свечена сала во Помпеја е ***Бахантки***, која претставува ремек–дело на римското сликарство.

***Религијата*** на Римјаните била тесно поврзана со митологијата. Најпочитувани биле *Јупитер,* кој го сметале за главен бог и *Марс,* богот на војната, почитуван поради честите војни кои ги воделе, додека од божиците, се издвојува *Веста,* заштитничка на домот и семејството (куќното огниште). Со текот на времето, Римјаните, своите најважни божества, според карактеристиките, ги изедначиле со старогрчките и им дале човечки лик.

Од областа на ***науката,*** Римјаните дале голем придонес во развојот на реториката и отворањето на реторичките школи. Од областа на реториката се издвојува името на ***Кикерон***; од философијата, имињата на ***Сенека*** и ***Лукретиј Кар,*** кој воедно бил и поет; од историјата ***Такит*** и ***Тит Ливиј*** итн. Развојот на книжевноста довел до

***✍Анализирај:***

Во кои божества верувале Римјаните и според нивните карактеристики направи споредба меѓу римските и старогрчките божества.

***✍Размисли:***

Под чие влијание се развиле науката и книжевните родови кај Римјаните и кои се нивните карактеристики?

***✍Дискутирај:***
Достигнувањата на Римјаните во уметноста, науката и литературата.

појава на бројни пишани дела и тоа: епска и лирска поезија, комедии, трагедии, елегии итн. Се издвојуваат еповите *Ајнеида* на ***Вергилиј*** и *Метаморфози* на ***Овидиј***, а најпопуларен писател на комедии од Рим бил ***Плаут.***

***Дискутирај:***
Со наставникот по македонски јазик потсетете се на патешествијата на Ајнеј.

## Античката култура и уметност на балканските простори и во Македонија


Сл. 48 Диоклецијанова палата, Сплит

Античката култура и уметност на балканските простори во голема мера се развиле за време на владеењето на Римската Империја, период кога се изградиле голем број патишта, аквадукти, палати, кули, амфитеатри итн.

По својата раскошност се издвојува ***Диоклецијановата палата*** во *Сплит,* изградена со камен од островот Брач. Како најмонументален амфитеатар на балканските простори е ***амфитеатарот*** во *Пула*. Од римскиот период во Албанија особено значење имаат патиштата кои во тој период биле доста прометни, на пр. ***патот Драч - Константинопол.***


Сл. 49 Амфитеатар, Пула

И во Македонија за време на римскиот период се забележува брз урбанистички развој. Од овој период се издвојуваат остатоците од античките градови ***Скупи, Стоби, Хераклеја Линкестидска, Лихнид*** и др., во кои се откриени остатоци од театри, градски бањи, базилики, пазар и др. Од големо значење е најзачуваниот и најзначајниот воен објект од античкиот период, ***Тврдината*** на локалитетот ***Енгелана*** кај ***Св. Еразмо*** во близината на градот Лихид, како и патиштата: ***Виа Егнатија, Виа Аксиа*** и т.н. ***Дијагонален пат.***


Сл. 50 Хераклеја, Битола



# 4. Среден век

- Рано христијанска култура и уметност
- Византиска култура и уметност
- Средновековна култура и уметност во Русија
- Романика
- Готика
- Исламско културно-историско наследство

## Среден век

### Резиме на темата

Многу е тешко да се одреди временската граница меѓу античката и средновековната култура и уметност, од причини што тие неколку векови заедно егзистирале на територијата на Римското Царство.

Средновековната култура и уметност своите почетоци ги бележат во рано христијанството, кое се карактеризира по уметноста на *катакомбите*. Потоа следи распаѓањето на Римското Царство во Источно и Западно, кое довело и до поделба на културата и уметноста на ***византиски период*** во *Источното* и ***романика и готика*** во *Западно Римско Царство*.

И византиската уметност и уметноста на романиката и готиката изобилуваат со бројни уметнички творби кои претставуваат дел од светското културно-историско наследство.

Средновековната уметност во Русија се пројавува во свој оригинален облик, како и исламската уметност, која, исто така, оставила голем белег во средновековната уметност. Нивното уметничко тврештво претставува неизоставен дел од светското културно-историско наследство.

### Клучни термини:

Милански едикт, базилика, византиски период, романика, готика, катакомби, мавзолеј, калиграфија, баптистериум, зооморфни и антропоморфни симболи

## Рано христијанска култура и уметност

Како причина за слабеење на воената и економската моќ на Римското Царство се наведува појавата на христијанската религија во I век од н. е., како ***монотеистичка религија*** *(верување во еден Бог),* која Римјаните ја сметале за ерес, ја забранувале и ја прогонувале. Два века подоцна, *од страна на Константин Велики во 313 година бил донесен* ***Миланскиот едикт,*** *со кој христијанството било прогласено за официјална државна религија*.

**Дискутирај:**

Причините за појавата и развојот на христијанството.

**Запомни:**

Со поделбата на Римското Царство:

- на ***Исток*** се основала нова престолнина Константинопол, денешен Истанбул. *На Исток христијанската култура и уметност се нарекува* ***византиска култура и уметност,*** а периодот во кој биле застапени се нарекува ***византиски период,*** и

- на ***Запад*** со Рим како престолнина, во прво време уметноста се сметала за варварска, а потоа се развила во ***романика*** *и* ***готика.***

Со појавата на првите христијани во I век од н. е. се развила уметноста во катакомбите. ***Катакомби*** се подземни христијански гробници поврзани со подземни премини (т.н. галерии), лоцирани надвор од градските ѕидини. Најбројни и најголеми се римските катакомби, на пр. ***Катакомбите на св. Каликст во Рим***, тесни галерии со пречник од 80 см до 1 м. По таваните и ѕидовите на катакомбите се откриени бројни фрески, натписи, цртежи и др., со одредени обележја (симболи). Во катакомбите, од рано христијанското сликарство се сочувани само фрагменти. Со прогласување на христијанството за официјална религија во границите на Римската Империја, се напуштиле катакомбите и започнал период на јавно проповедање на учењето за христијанството и забрзано градење на христијански цркви, крстилници и гробни цркви.



**Сл. 51 Внатрешноста на катакомбите**

**Истражувај:**

Преку Интернет истражи за катакомбите во Рим и направи есеј за животот и уметноста во катакомбите во времето на рано христијанството.

Христијаните своите обреди ги извршувале во христијанските храмови наречени ***базилики.*** Се издвојуваат базиликите ***Св. Петар*** и ***Константиновата базилика*** во *Рим*, изградени за време на владеењето на Константин Велики. Се граделе и ***крстилници*** *(баптистериуми),* во кои се одвивал христијанскиот чин на крштевање. Најпозната е ***Латеранската крстилница*** во *Рим,* а се јавиле и ***гробни цркви***, градени над гробовите на христијанските маченици.

**✍ *Размисли:***

Во каква форма се граделе христијанските цркви и каков бил нивниот развој? Направи споредба на христијанските цркви со античките храмови.

Најголеми споменик на ранохристијанската уметност од III век е базиликата ***Санта Марија Маџоре*** во *Рим*, која изобилува со монументално сликарство и мозаици со христијански симболи.



***Сл. 52 Внатрешноста на базиликата Санта Марија Маџоре, Рим***

Христијанска подлошка за иконографијата е ***литературата,*** составена од ***Библијата, Стариот*** и ***Новиот Завет*** и *литургиските текстови.* Во овој период се развило и ***цртањето на минијатури*** кое служело за украсување на ракописни книги, пишувани со златни и сребрени букви на пурпурен пергамент.

Христијанството во Македонија се манифестира мошне рано и тоа преку ширењето на христијанското учење од страна на ***апостол Павле*** и ***св. Еразмо Антиохијски,*** кој за кусо време во градот Лихнид покрстил 20 000 лица. Со признавањето на христијанството започнале да се градат и христијански храмови, базилики (цркви). Една од најстарите цркви во Македонија била изградена во првата половина на IV век во ***Стоби.*** Таа подоцна била разградена и повторно на истото место била изградена нова ***Епископска базилика*** со крстилница (баптистериум), со под украсен со ***мозаик,*** кој изобилувал со мотиви од христијанската иконографија.



***Сл. 53 Баптистериум, Епископска базилика, Стоби***

**✍ *Напиши есеј:***

Ширење на христијанството и ранохристијанските центри во Македонија.

## Византиска култура и уметност

Центар на византиската уметност бил главниот град Константинопол, каде под влијание на царот и црквата се создале естетските принципи на византиската култура и уметност. Константинопол бил уреден со цркви, кралски палати, амфитеатри, јавни бањи, покриени пазари, аквадукти и др., а однадвор бил ограден со силни ѕидини. Претставувал центар на производство и трговија на оружје, накит, ткаенини и др.

Првиот плоден период на византиската уметност, т.н. *златно време* е за време на владеењето на византискиот цар ***Јустинијан,*** роден во *Таорисиум,* денешен *Таор, Скопско,* кој во 535 година ги изградил градот и архиепископскиот центар ***Јустинијана Прима.*** За време на неговото владеење изградена е една од најмонументалните цркви ***Света Софија*** во *Константинопол*, денешен Истанбул, чие име означува *света мудрост*. Со падот на Константинопол под турска власт, црквата во XV век е преиначена во џамија, но освен додадените четири минариња, нејзината архитектура до денес е останата непроменета. Византиските цркви од *второто златно време* се изградени во периодот од IX до XI век. Најраскошна е црквата ***Св. Марко*** во *Венеција,* а по своето значење се издвојуваат и манастирите во ***Света Гора*** и ***Метеора*** на територијата на Р. Грција.

Од претставниците на ***теолошката книжевност*** се истакнува името на рановизантискиот антиохијски ѓакон ***Јован Златоуст.*** Во времето на Јустинијан бил формиран *Цариградскиот универзитет,* а биле создадени и бројни *книжевни* и *историски дела.* Се издвојува ***Прокопиј Кесариски*** кој напишал повеќе историски дела.

**✍ Запомни:**

Со поделбата на Римското Царство, *христијанската уметност во Источното Римско Царство се развила* во ***византиска уметност,*** а периодот во кој била застапена византиската уметност се нарекува ***византиски период.***



*Сл. 54 Света Софија, Истанбул*



*Сл. 55 Свети Марко, Венеција*

**✍ Дискутирај:**

Византија во времето на Јустинијан.

Во византискиот период се занемарила философската мисла за сметка на теолошката, но дошло до развој на реториката. Во овој период се компонирала и ***византиска музика***, која претставува најстар жанр во музичката европска традиција. Византиската музика вклучува богата традиција на инструментална дворска музика и танц, па затоа се смета и за обредна и празнична музика, а се издвојува и духовната (црковната) музика, т.е. ***литургиското пеење*.**

> ✍ ***Запомни:***
>
> Под влијание на Истокот, византиската уметност била претежно сликарска.
>
> Сликарството било главна декорација на византиската архитектура, чие внимание било насочено кон украсување на внатрешниот простор.

> ✍ ***Истражувај:***
>
> Со својот наставник појдете во црквата Св. Пантелејмон во Нерези, во близината на Скопје, разговарајте за фреските коишто ќе ги видите таму и напишете есеј за она што ќе ви остави најголем впечаток.

### *Византиска култура и уметност во Македонија*

Со падот на Константинопол под турска власт во XV век, настапил период на криза, кој, пак, од друга страна довел до поинтензивен развој на уметноста во Македонија, Србија и Русија. Византискиот период претставува еден од најплодните периоди на духовниот, културниот и уметничкиот развој во Македонија. Овој период го бележат голем број христијански сакрални градби, цркви и манастири, кои се карактеризираат со врвен ***фрескоживопис (ѕидно сликарство).***



***Сл. 56 Оплакување, Св. Пантелејмон, Нерези, Скопје***

Особено значајно е *сликарството на фрески и мозаици,* на пр. фреските ***од црквата Света Софија во Охрид.*** Прочуен по ѕидното сликарство е и ***манастирот Св. Пантелејмон во Нерези,*** во близината на Скопје, кој *се вбројува во врвот на најдобрите остварувања на византиската уметност.* Од манастирот се издвојува фреската ***Оплакување,*** во која уметникот во Нерези на еден реалистички начин ја прикажал болката на изразот на лицето на Богородица при оплакувањето на синот, кои изгледале невозможни во византиската уметност.

> ✍ ***Дискутирај:***
>
> Од појавата и развојот на словенската писменост, до создавањето на Охридската книжевна школа.

Покрај фрескоживописот, како неизоставен дел од македонското културно-историско богатство се издвојуваат: *сакрална резба, графика, илуминирани ракописи и иконопис.*



Сл. 57 Св. Кирил и Методиј, фреска, Св. Јован Бигорски, Дебарско

Се појавиле и првите мисионери, браќата ***св. Кирил и Методиј,*** кои во 855 год. ја создале словенската азбука, наречена ***глаголица***. Кон крајот на IX век е создадена азбука, која во чест на ***св. Кирил*** е именувана ***кирилица***. Нивната дејност ја прошириле нивните ученици и следбеници, светителите ***Климент*** и ***Наум Охридски***.

Од IX век, на бреговите на Охридското и Преспанското Езеро започнале да се јавуваат првите центри на словенската писменост. Во манастирите се формирале *училишта*, каде што свештениците го изучувале словенското писмо и ги преведувале црковните книги, со што биле поставени *темелите на словенската писменост и култура.*

***Дискутирај:***

На часот со својот наставник разговарајте за почетоците на Македонската православна црква и Охридската архиепископија.

Какво значење имала црквата за ширењето на културата и писменоста во Македонија?

Големо значење за ширењето на словенската писменост има ***св. Климент***. Тој во Охрид го изградил ***манастирот Св. Пантелејмон,*** кој потоа станал центар за стекнување на образование и оттаму дејствувал како учител. ***Св. Климент*** воедно ги поставил темелите на ***Охридската книжевна школа***, која постепено прераснала во ***прв словенски универзитет***.



Сл. 58 Св. Климент и Пантелејмон, Плаошник, Охрид

За основоположник на ***Охридската архиепископија*** се смета ***св. Климент Охридски,*** кој ги поставил темелите на ***Македонската православна црква.***

***Напиши есеј:***

Црквата Св. Климент и Пантелејмон, Плаошник, Охрид.

## Средновековна култура и уметност во Русија



Сл.59 Света Софија, Киев

Христијанството во Русија започнало со прифаќањето на христијанската религија од страна на кнезот ***Владимир I*** во 988 година. Заедно со христијанството, во Русија се прошириле и византиската култура и уметност, па оттаму започнале да се градат цркви, украсувани со фрески и икони.

***Архитектурата*** во средновековна Русија била лоцирана околу две средишта: во Киев на југ и во Велики Новгород на север и се одбележува со црковен карактер и византиско влијание. Од овој период се истакнува црквата ***Света Софија*** во *Киев* и истоимената црква во *Велики Новгород,* со типични руски белези.



Сл.60 Св. Василије Блажени, Москва

Околу XV век, Москва израснала во културен политички центар и позајмените форми од уметноста ги преточила во свој начин на изразување, со што се создал вистински ***руски стил.*** Типичниот руски стил се забележува во една од најраскошните и најмонументалните средновековни цркви во Русија, ***црквата на Св. Василије Блажени*** во *Москва*.

Во средновековниот период во Москва бил изграден и ***Кремљ***, кој претставувал утврден комплекс, зад чии ѕидини се наоѓале кралските палати, црквата и зградите на државните институции.

Староруската *книжевност* била под влијание на византиската култура, но и на словенската писменост, што јасно се забележува преку употребата на кириличното писмо.

***Размисли:***

Опиши го рускиот стил во архитектурата и направи споредба на руските со останатите христијански цркви од византискиот период.

## Средновековна култура и уметност во Западна Европа

Со поделбата на Римското Царство, во Западното Римско Царство со Рим како престолнина, во прво време, културата и уметноста се сметале за варварски, а потоа се развиле во ***романика*** и ***готика.***

> ✍ ***Запомни:***
>
> Под ***романика*** се подразбираат сите културни и уметнички манифестации во Западна Европа меѓу VIII и XIII век, а периодот од XI до XIII век се нарекува ***романски период.***

### Романика

***Романика*** е првиот и единствениот стилски период кој ја опфатил цела Западна Европа. Централното развојно подрачје на романиката биле Франција, Германија и Италија, додека уметноста во Англија се развила како посебна романска варијанта, наречена *нормански стил*.

> ✍ ***Анализирај:***
>
> Истакни ги сличностите и разликите меѓу византиската уметност и романиката.

Романскиот стил во културата и уметноста во Западна Европа бил поврзан со формирањето на раното феудално општество, како и со јакнењето на христијанската црква и монашките редови. Главната интелектуална сила била црквата, чие влијание кулминирало со Крстоносните војни.

> ✍ ***Истражувај:***
>
> Преку Интернет дознај повеќе за *Кривата кула* во Пиза.

***Архитектурата*** била насочена кон изградба на сакрални градби. Највисокиот израз на романската уметност се ***катедралите*** *(градските цркви)* и ***опатиите*** *(манастирските цркви)*, градени во облик на латинската буква „Т“, па оттаму нивната основа се нарекува и ***латински крст***. Црквите се граделе во средиштето на градот, на главниот плоштад, како симбол на духовната моќ. Монументален комплекс на градби од романски стил се наоѓа во ***Пиза***, *Италија.*



*Сл. 61 Монументален комплекс во Пиза*

Карактеристика на овој стил е и ***камената релјефна скулптура*** со разни геометриски и вегетативни мотиви.

***Сликарството*** во романиката е изведено на монументалните ѕидни слики (фрески), поставени во сакралните објекти. Се издвојува фреската во црквата ***Сан Клементе во Рим*** од XI век на која се прикажани *св. Кирил и Методиј, како го носат телото на свети Климент во Рим.*



**Сл. 62 Св. Кирил и Методиј го носат телото на свети Климент во Рим, фреска во црквата Сан Клементе, Рим**

## Готика

Вториот стил во средновековната уметност во Западна Европа е ***готика***. Се појавила во Франција кон крајот на XII век и траела сè до појавата на ренесансата. Готиката првенствено се истакнала во сакралната архитектура. Готскиот стил доминирал во палатите, граѓанските куќи, катедралите, селските капели итн. Во овој период во градовите се доградувале одбранбени бедеми. Во тесните градови опколени со бедеми се граделе два типа на готски објекти:

- ***судници,*** како симболи на световната моќ и
- ***катедрали,*** како симболи на духовната моќ.

**✍ Дознај повеќе:**

Кај италијанските хуманисти зборот *готика* значел: *„варваризам и сè она што доаѓа од другата страна на Алпите“.*

Највисокиот израз на готската архитектура се градските катедрали, градени на главните плоштади. Една од најмонументалните катедрали во Франција е ***Богородичната црква*** или ***катедралата Нотр Дам*** во *Париз,* изградена во XII век. Составена е од четири нивоа, а нејзиниот ентериер се издига до височина од околу 108 м. По својата полна готска убавина се издвојуваат *катедралите Шартр* и *Сен Дени* во *Париз; катедралата во Келн, Германија; Солзбери* во *Лондон; Толедо* во *Шпанија* и др.



**Сл. 63 Катедралата Нотр Дам, Париз**

Во готската уметност, ***витражите*** го замениле ѕидното сликарство и претставуваат составен дел на секоја готска катедрала. Составен дел на катедралите се и ***скулптурните декорации***.

**✍ Истражувај:**

Направи споредба на црквата Св. Пантелејмон во Нерези, Скопје и катедралата Нотр Дам во Париз.

***Сликарството*** во готиката било многу малку застапено. Промените настанале во XIV век со појавата на италијанскиот сликар ***Ѓото,*** а неговото влијание е познато како ***Ѓотоизам***.



Сл. 64 Оплакување, Ѓото

**✍ Дознај повеќе:**

Се претпоставува дека Ѓото ги видел фреските од манастирот Св. Пантелејмон во Нерези, Скопје и силниот впечаток од таму, придонел тој, со своето сликање, да стане предвесник на ренесансата.

Од областа на ***философијата*** се издвојува името на ***Тома Аквински,*** кој ги обработувал прашањата за односот на верата во Бог и разумот, причините и последиците, метафизиката итн.

Од ***средновековната книжевност*** во Западна Европа се издвојува името на ***Данте Алигиери*** со најзначајното дело во средновековниот период, *Божествена комедија*. Најголем *лиричар* во овој период е ***Франческо Петрарка***, кој се смета за предвесник на ренесансата. Започнале да се пишуваат ***витешки романи,*** од кои најпознат бил *Тристан и Изолда.* Се отвориле и првите универзитети: ***Кембриџ*** и ***Оксфорд*** во Англија, ***Болоња*** во Италија и др.

***Средновековната музика*** *се* исполнувала вокално и со употреба на инструментите: харфа, флејта, оргули и др. Во прво време претежно била со световна содржина, додека во доцниот среден век се појавиле ***трубадурите,*** кои создавале световна музика со љубовни и херојски мотиви.

**✍ Размисли:**

Кои биле причините за градење на катедралите во средниот век на територијата на Западна Европа?

**✍ Дискутирај:**

Со наставникот по македонски јазик разговарајте за делата на Данте и Петрарка и нивното влијание во светската литература.

## Исламско културно-историско наследство

***Исламот,*** како религија, се појавил подоцна од другите религии, во 620 година во Мека, со основоположникот ***Мухамед,*** кој проповедал верување во еден Бог, ***Алах***.

**✍ Дознај повеќе:**

За оформувањето на исламската култура и уметност од големо значење било влијанието на исламската религија и нејзините прописи, како и секојдневните молитви и одеењето на верниците во Мека.

Карактеристичноста на исламската архитектура ја чинат бројните ***џамии***, *верски објекти наменети за собирање на верниците и за вршење религиозни потреби.* По својата монументалност се издвојува ***Сината џамија*** во *Истанбул*, единствена по својот вид поради шесте високи елегантни минариња.



*Сл. 65 Сина џамија, Истанбул*

По својата монументалност се издвојува и мавзолејот ***Таџ Махал*** кај *Агри,* Индија, подигнат од Шах-Џахан во чест на својата сакана сопруга Махал.

***Размисли:***

Што е минаре, зошто служи и кое е највисокото минаре во светот?

Основниот мотив на исламската уметност, ***арабеска,*** се појавила во *Самара,* Багдад. *Арабески* се декоративни елементи со вегетативни и геометриски мотиви, поставени на рамни површини, подови и ѕидови. Изработени се од керамика, мермер, камен, дрво и друг материјал, во вид на мозаик или плочки.



*Сл. 66 Таџ Махал, Агри, Индија*

Арапското писмо, многу погодно за декорација, довело до појава на ***калиграфија*** - елегантни облици на арапското писмо наменети за украсување на сакралните исламски градби со цитати од светата книга на Исламот ***Коран (Куран)***. Калиграфијата е составен дел од секоја исламска верска градба.

Од применетата уметност се издвојуваат ***килимите.*** Изработката на килимите потекнува од најдалечното минато и се претпоставува дека се развила кај номадските народи. Првично, со килимите се покривале ѕидовите во верските храмови, а потоа нивната употреба се проширила. Муслиманските верници килимите ги простирале на земја и врз нив клечеле за време на молитвите; пракса која се применува и денес во муслиманскиот свет.



*Сл. 67 Калиграфски натпис со името на Мухамед*

***Истражувај и дискутирај:***

Дали во вашето место на живеење постојат исламски верски објекти и истите спореди ги со христијанските верски објекти.



# 5. Ренесанса

- Рана ренесанса во Италија
- Раната уметност во Фландрија, Франција и Германија
- Висока ренесанса во Италија
- Уметноста во Франција, Германија и Холандија во XVI век
- Развојот на науката, книжевноста и музиката

## Ренесанса

### Резиме на темата

Со напуштањето на византиската уметност, во првите децении на XV век се јавува едно од најголемите движења во културата и уметноста во Европа, *ренесансата,* кое траело два века. Името ***ренесанса*** доаѓа од францускиот збор ***renaissance*** со значење ***обнова, преродба,*** а особено ***повторно раѓање, преродба на класичната старина*** или поточно, ***слободен и создавачки човечки дух, под влијание на класичната книжевност, уметност и философија***.

Ренесансната култура и уметност се дели на два периода:

- *рана ренесанса* во XV век и
- *висока ренесанса* во XVI век

Внесувањето на ренесансните уметници во античката традиција се должи на ***хуманистите,*** претставници на новиот правец во културата, ***хуманизам*** (од латинскиот збор *humanitas, човечност*). Хуманистите биле верници, писатели и љубители на книжевноста и уметноста, кои изучувале класична старогрчка и латинска литература, се соживувале со неа и ја прошириле античката култура во своето време. Хуманистите ја отфрлиле црковната наука и се залагале за: ***вера во човекот.***

Периодот на ренесансата претставува најголемиот прогресивен преврат кое дотогаш го доживеало човештвото, време во кое се раѓале и се барале личности генијални по сила на ум, карактер, ученост и сестраност.

Ниеден уметнички период не бил толку богат со врвни сликари, скулптори, архитекти, книжевници и музичари, каков што бил случајот во ренесансата. Листата на великаните е многу долга во обата периода и секој од ренесансните великани е доволен за да облагороди еден период и еден народ.

### Клучни термини:

рана ренесанса, висока ренесанса, преродба, хуманизам, универзален уметник

## Рана ренесанса во Италија

Во XV век во Италија, порано отколку во останатите европски земји, дошло до економски развој на градовите и јакнење на граѓанството. Првично, се издвојуваат Фиренца и Венеција како големи градски центри, а во втората половина на XV век Рим станал нов ренесансен центар во кој бил лоциран папскиот двор. Животот бил организиран во градови-држави со моќна буржоазија која имала можност да ја реализира идејата за идеален град, со смислен план за распоредување на сите функции на градскиот живот. Со материјалната, се развивала и духовната култура, која се пројавувала во сите форми на човечкиот интерес за себе, за сопствените емоции, сопствениот физички изглед и карактер.

Во почетокот на раната ренесанса, црквата управувала со уметноста. Сите видови на уметници биле под служба на црквата. Но, со зајакнувањето на буржоазијата, се појавиле богати владетели и поединци, кои нуделе нови можности за уметничко работење и творештво. Нивните понуди довеле до ослободување од поранешниот нарачател на уметнички дела, црквата, со што освен црковните содржини, се појавиле и нови мотиви во уметноста, според желбата на нарачателот. Поткопувајќи го авторитетот на црквата, ренесансата на европското општество му го открила богатството на античката култура, наука и уметност, со што одиграла позитивна улога во развојот на културата.

**Запомни:**

*Ренесансната уметност се темели на набљудување на видливите облици во природата*, кое довело до појава на *научен метод,* според кој сите уметници морале, покрај својата тесна специјалност, да имаат познавање од геометрија, анатомија, ботаника, философија, реторика и поезија.

Се јавило и ново техничко откритие, ***перспектива,*** која претставува збир на графички и математички правила кои овозможуваат создавање на тродимензионална стварност со научна прецизност, бележана на лист хартија или на каква било друга рамна површина.



*Сл. 68 Венеција во времето на ренесансата*

**Напиши есеј:**

Секојдневниот живот на Римјаните во времето на ренесансата.

## Архитектура

Архитектурата во ***раната ренесанса*** е родена во Фиренца, во дваесеттите години од XV век, благодарение на творештвото на генијалниот создавач ***Филипо Брунелески***, кој се смета за родоначалник на ренесансната архитектура.

Неговите основни облици во архитектурата се темелеле на низа правила, *канони,* кои подоцна неговите следбеници ги применувале, проучувале и усовршувале. Своите правила прв пат ги применил при изградбата на ***куполата на катедралата Санта Марија дел Фјоре*** во ***Фиренца***.



***Сл. 69 Купола на катедралата Санта Марија дел Фјоре, Фиренца***

### ✍ Дознај повеќе:

Со утврдувањето на правилата, т.е. канонитe, останувало само да се одбере обликот и димензијата на градбата. Овие одлуки зависеле само од архитектот, тој ја работел *„креативната работа“,* додека сите останати (скулптори, сликари и др.) требале да ги исполнат неговите барања. Брунелески, кога за прв пат ги применил овие правила, наишол на незадоволство од останатите учесници во градбата. Решение на проблемот било постигнување авторитет на архитектот кај нарачателот, а последица на тоа било поставување на ренесансната архитектура во исклучиво високите кругови.

## Скулптура

Голем дел од ренесансните скулптури се препознаваат по натурализмот, реализмот и анатомијата на човечкото тело. Скулпторите во ренесансата биле во состојба од секој материјал, без разлика дали се работело за камен, мермер, бронза, дрво и др., да ги создадат саканите облици, надминувајќи ги пречките, подучени од искуството на своите претходници.

### ✍ Истражувај:

Кон што цели и по што се препознава ренесансната скулптура?

Направи споредба на човечката фигура меѓу старогрчката и ренесансната скулптура.

Првиот сликар за време на Римското Царство кој имал храброст да го претстави човечкото тело голо, е еден од поголемите скулптори во историјата, ***Донатело***. Тој ја дал основата на античката скулптура, ***убавината на голото човечко тело,*** откритие, кое се сметало за револуционерно. Истакнувајќи го новиот стил, неговата уметност станала пресвртница во италијанската скулптура и во ренесансата воопшто. Бил скулптор, сликар, архитект и витражист, бил индивидуален и генијален. Негово врвно достигнувања е статуата ***Давид,*** изработена во „S“ криволиниска форма, непозната во готиката, а која станала основно правило во скулптурната уметност во ренесансата.



*Сл. 70 Давид, Донатело*

Крајот на раната ренесанса го одбележува името на врвниот златар, сликар и скулптор ***Верокио,*** *кој бил ученик на Донатело, а учител на Леонардо да Винчи.* Неговото најзначајно скулпторско дело е ***статуата на Давид*** изработена во бронза. Додека ја работел својата статуа, на ум ја имал статуата на *Давид* од Донатело и сакал да се натпреварува со својот учител.



*Сл. 71 Давид, Верокио*

## Сликарство

Главните теми на ренесансното сликарство биле *претставување на човекот и неговата околина*, а новината која била воведена е нивното *поголемо реалистичко нагласување*.

Сликарството првично се темелело на ***цртеж,*** што довело до појава на ***нацрт.*** Кон крајот на XV век, од Холандија во Италија било пренесено ***масленото сликарство***, поефикасна техника од темперната боја која до тогаш ја употребувале италијанските сликари. Истовремено се вовела и ***употребата на платно***, наместо дотогашните дрвени табли.

***Дознај повеќе:***

При изработката на фреските, првин цртежите се правеле на картони или на големи листови хартија, кои потоа се пренесувале на измалтерисан ѕид. Пренесувањето од цртеж на ѕид било со премачкување на позадината на картонот или хартијата со креда и втиснување на цртежот на ѕид.



*Сл. 72 Раѓањето на Венера, Ботичели*

За зачетник на новиот начин на сликање во раната ренесанса се смета италијанскиот сликар ***Мазачо***, кој прв во сликарството применил анатомска прецизност во прикажување на човечкото тело. Најзначаен претставник во раната ренесанса е ***Сандро Ботичели***, чии дела изобилувале со митолошки теми.

***✍ Анализирај:***

Анализирај ги главните теми во ренесансното сликарство и спореди ги со темите од византиското сликарство.

## *Раната уметност во Фландрија, Франција и Германија*

По економскиот развој на градовите и јакнењето на граѓанството во Италија, дошло до развој на материјалната култура и во останатите европски земји. Развојот на граѓанската класа се должел на ослободувањето од средновековните црковни догми и подигнувањето на степенот на образование. Италијанското ренесансно сликарство предизвикало одредено влијание кај фламанските сликари во Фландрија, Франција и Германија.

***✍ Запомни:***

Ренесансното сликарство ја бележи и појавата на портрет.

Целта на ***ренесансниот портрет*** била истакнување на симболиката на човекот, а не неговиот физички изглед.

Значајниот период во раната ***фламанска уметност*** започнал со творештвото на славниот фламански сликар ***Јан ван Ајк,*** кој со својот брат ***Хубер*** ја усовршиле познатата техника на сликање со маслени бои. Јан ван Ајк се истакнува со неговото импресивно уметничко ремек–дело ***Гентски олтар*** или ***Поклонение на Таинствениот Агнец,*** голема и сложена ***олтарна табла***, составена од 12 дрвени насликани табли, наредени во два реда од двете страни.



***Сл. 73 Поклонение на Таинствениот Агнец, Јан ван Ајк***

За најистакнат ***француски сликар*** во XV век се смета ***Жан Фуке,*** минијатурист од најголем ранг, а за најчуена француска слика цртана на дрво е ***Авињонската пиета***, ремек–дело насликано во Франција во XV век.

Под влијание на фламанската уметност, во ***Германија*** биле застапени реалистичкиот начин на цртање и гравурата. Во овој период во Германија, дрворезите и бакрорезите се умножувале и се продавале на разни празнувања, прослави и панаѓури. На тој начин уметноста се ширела меѓу народот.



***Сл. 74 Авињонска Пиета***

## *Висока ренесанса во Италија*

Ниеден уметнички период не бил толку богат со врвни сликари, каков што бил случајот во ренесансата. Листата на великаните е многу долга. И покрај мноштвото уметници, се издвојуваат имињата на *Микеланџело, Леонардо, Рафаел, Тицијан* и др. Секој од нив е доволен за да облагороди еден период и еден народ, меѓутоа сите тие живееле во една иста земја и во приближно ист временски период.

***✍ Запомни:***

За да се препознае уметноста на ренесансата, треба да се разликува начинот на изразување на поединечните уметници. Ваквото сфаќање на уметноста, како остварување на поединецот, важи и денес.

# Ренесанса

Ренесансната уметност најмногу дошла до израз во големите градски центри во Италија, какви што биле Фиренца, Венеција и Рим. Со текот на времето, водечката улога во создавањето на уметничките форми ја презел градот Рим.



*Сл. 75* ***Куполата на црквата Свети Петар*** *во* ***Рим***

## Архитектура

Стилот на архитектурата во ***високата ренесанса*** бил многу построг, но и поразновиден од стилот во раната ренесанса. Архитектите од оваа епоха толку многу се труделе да се придржуваат до канoните, што довело до градење на идеални градби со апсолутна симетрија. Од епохата на високата ренесанса се издвојува ***куполата на црквата Свети Петар*** во *Рим*, проектирана од врвниот ***Микеланџело***.

Во ренесансната архитектура, освен сакралните градби, се граделе палати наменети за живеење и вили - резиденции на аристократите, лоцирани надвор од населените места. Како нов пронајдок во ренесансата се смета проектирањето на ***тврдини*** кои служеле за одбрана. Тие имале кружни високи кули и дебели ѕидови кои се граделе пониски за да ги издржат топовските напади и за подобро нишанење кон напаѓачите. Прв пример на новата одбранбена градба е ***Тврдината во Тиволи***.



***Сл. 76 Тврдината во Тиволи***

**✍Напиши есеј:**

Опиши една од значајните градби од високата ренесанса.

Ренесансата се занимавала и со проучување на урбанистичките решенија. Најзначаен пример е ***Кнежевиот плоштад*** во ***Виџевано***, проектиран од страна на ***Леонардо да Винчи***. Плоштадот претставувал голема сала за прием на отворено и се сметал за пример на остварување на еден дел од идеален град, кој според ренесансните уметници, токму така требало да изгледа *„срцето“* на градот.



***Сл. 77 Кнежевиот плоштад во Виџевано***

## Скулптура

Карактеристиките на скулптурата во високата ренесанса се нагласената анатомија на човечкото тело и прикажувањето на човечките особини низ изразите на лицето и движењето на телото, со што била создадена основна тема, *човекот*.

Скулптурата во високата ренесанса во Италија во XVI век, се врзува за името на врвниот и сестран уметник ***Микеланџело Буонароти.*** Со неговото име е достигнат врвот на уметничките форми во ренесансната скулптура и преку неговите дела се следи севкупниот развој на скулптурата во високата ренесанса во Италија. Под влијание на Микеланџело, се доаѓа до сознание дека ниту една статуа, колку и да е совршено изработена, не може во целост да ја претстави човечката драма. Иако себе се сметал за скулптор и целиот свој создавачки век го насочил кон изработување на скулптури од мермер, неговите дела од областа на архитектурата и сликарството остануваат неповторливи. Неговите најзначајни дела во скулптурната уметност се скулптурите ***Пиета*** и ***Мојсеј.***

**Истражувај:**

Преку Интернет истражи ги животот и делата на Микеланџело и на часот со својот наставник разговарајте за сестраноста во уметноста на Микеланџело и за неговите дела.



***Сл. 78 Мојсеј, Микеланџело***

**Дознај повеќе:**

Микеланџело во текот на својот живот бил почитуван од кралеви и кнезови и бил сметан за рамен на нив. Но, тој не водел сметка за тоа, туку живеел како сиромав до крајот на својот живот, контактирајќи со своите ученици и помошници. По неговата смрт бил закопан во Рим, но неговиот внук го украл неговото тело, кришум го пренел во Фиренца во чија близина бил и роден, и таму, на величествен начин го погребал.

## Сликарство

Сите придонеси од раното ренесансно сликарство биле пренесени во високото ренесансно сликарство. За време на ренесансата преовладува една тема, а таа е прикажувањето на ***Богородица со дете***.

**Дознај повеќе:**

Рафаел, три и пол века бил сметан за едно од најславните имиња во сликарството, сè до втората половина на XIX век, кога е прикажан како „*позајмувач од другите уметници*“ со што му е потценета славата.

Речиси и да не постоел уметник кој не ја обработувал оваа тема, а некои уметници како на пример ***Рафаел Санти,*** ја усвоиле како една од карактеристичните теми на својата уметност. Се издвојува сликата на Рафаел, ***Мадона со дете***, работена според типичната шема за ренесансната Богородица. Тежнеењето кон *совршена убавина* на Рафаел се забележува во сите негови дела. Се издвојува и неговото ремек–дело ***Атинска школа,*** насликана на еден од ѕидовите во просториите на Ватикан.



*Сл. 79 Мадона со дете, Рафаел*

***✍Напиши есеј:***

Рафаел Санти, третиот од најголемите.



*Сл. 80 Атинска школа, Рафаел*

Покрај сликарството во Фиренца и Рим, како составен дел од ренесансното сликарство е и ***венецијанското сликарство***. Се истакнува делото ***Венера пред огледало*** на венецијанскиот сликар ***Тицијан.*** Последните години од неговиот живот се карактеризираат со сликање со прсти. Иако овие слики од блиску изгледаат без форма, од далеку се совршени.



*Сл. 81 Венера пред огледало, Тицијан*

Неповторлив во сликарството е и ***Микеланџело*** со своето спектакуларно дело***: Страшниот суд,*** насликано во *Сикстинската капела во Ватикан*. Фреската го покрива целиот таван во Сикстинската капела. На фреската се прикажани библиски мотиви од раѓањето на светот, сѐ до потопот на Ное. Централната фигура е Исус. *Страшниот суд* бил познат уште пред да биде завршен. Сите фигури Микеланџело ги нацртал голи, но подоцна со драпер биле покриени поединечните делови од насликаните тела.

**✍Размисли:**

Како Микеланџело го создал *Страшниот суд*, што има на него насликано, какво значење има ова дело за Сикстинската капела во Ватикан и кои церемонии се одвиваат во неа?



***Сл. 82 Господ му вдахнува живот на Адам, дел од Страшниот суд, Микеланџело, Сикстинска капела, Ватикан***

Покрај името на неповторливиот Микеланџело, високата ренесанса го бележи и името на уште еден ренесансен гениј, ***Леонардо да Винчи,*** сестраниот уметник кој зад себе оставил бројни ремек–дела, а неговите изуми, кои иако не биле применувани во неговото време, се користат денес, во модерната технологија. Бил италијански ренесансен архитект, скулптор, сликар, инженер, изумител. Неговите дела од областа на математиката, физиката, механиката, анатомијата, ботаниката и теоријата за сликарство, ја покажуваат неговата исклучителна љубопитност за сите области на човечкиот дух.

**✍Истражувај:**

Со помош на стручна литература и Интернет, истражи ги иновациите на Леонардо да Винчи и разговарајте на часот со наставникот за истите.

**✍Напиши есеј:**

Животот и делото на Леонардо да Винчи.

Популарноста која Леонардо ја постигнал со портретот на ***Мона Лиза*** (***Џоконда***) е толку голема, што денес тешко можеме да замислиме дека начинот на нејзиното создавање бил сосем нов во тоа време. Леонардо при создавањето на ликот, како новитет, во преден план ги истакнал психолошките особини на човечката природа, кои се забележуваат во благата насмевка на Мона Лиза.



*Сл. 83 Мона Лиза, Леонардо да Винчи*

Се истакнува и неговото ремек–дело ***Тајната вечера,*** нацртано на ѕидовите на црквата *Санта Марија дела Грација* во *Милано.* Оваа слика изобилува со мноштво стилистички иновации, со какви што, впрочем, изобилуваат повеќето од неговите дела. Творечкиот опус на Леонардо, во сите сфери на неговото творештво и истражување е ненадминлив до денешен ден.

✍***Анализирај:***
Направи анализа на сликите *Мона Лиза* и *Тајната вечера* од Леонардо да Винчи.



*Сл.84 Тајната вечера, Леонардо да Винчи*

> ✍**Дискутирај:**
> На часот, со наставникот разговарајте за нај-познатите претставници на ренесансата и за нивните дела.

## Уметноста во Франција, Холандија и Германија во XVI век

Во овој период, исто како во Италија, и во другите земји се забележува намалување на нарачките на сакралните уметнички теми од страна на црквата. Во средината на XVI век, ***Франција*** го доживеала својот најголем момент на уметничка генијалност. Во овој период се изградиле најубавите дворци по течението на реката Лоара, од кои се издвојуваат најголемиот и најубавиот дворец ***Шамбор,*** потоа дворците ***Блоа, Кралската резиденција*** и др., кои со својата убавина и денес ги воодушевуваат Европа и светот.



*Сл.85 Дворецот Шамбор, Лоара*

Во ***Холандија*** во XVI век, архитектурата била подредена на аристократската класа и на потребите на богатите трговци, на пр. ***Градскиот совет во Амстердам***, кој денес е кралски двор. Во сликарството се развиле мртвата природа, пејзажот и жанр-сцените.

Еден од најголемите претставници на ***германската ренесанса*** во XVI век, чија слава се проширила и надвор од територијата на Германија е ***Албрехт Дирер***, уметник од типот на Леонардо да Винчи. ***Дрворезот*** кој го издигнал на највисоко уметничко ниво, се забележува во неговото прочуено дело ***Четворицата јавачи на Апокалипсата (Чума, Војна, Глад и Смрт).***



*Сл. 86 Четворицата јавачи на Апокалипсата, А. Дирер*

### Маниризам - правец во уметноста

Под ***маниризам,*** во италијанската уметност се подразбира периодот помеѓу 30-ите години на XVI век и почетокот на XVII век. Се јавува во средината на XVI век во Рим и Фиренца, од страна на незадоволните сликари, кои се побуниле против класичната урамнотеженост и се насочиле

> ✍**Запомни:**
> Поимот ***маниризам*** се употребува за претерано извештачен стил, во сите форми на уметничкото постоење и во литературата.

кон извештачен стил, изведен од уметноста на Микеланџело, Леонардо и Рафаел. Од оваа група на уметници се издвојува името на ***Јакопо Тинторето***, претставник на маниризмот од Италија, а од Шпанија се јавува името на сликарот ***Ел Греко***.

✍ ***Запомни:***

Отстапувањето од класичниот поредок се смета за **меѓустил**, кој ја поврзува ренесансата со барокот.

✍***Дискутирај:***

Кои се научните достигнувања на Исак Њутн и Никола Коперник?

## *Развој на науката, книжевноста и музиката*

***Европската наука,*** ослободена од стегите на црковните учења, во ренесансата го доживеала својот расцут. Од ***природните науки*** се издвојуваат најголемите имиња од полето на науката, ***Никола Коперник, Исак Њутн*** и др. Пресвртница во развојот на човештвото извршил ***Јохан Гутенберг*** со откривањето на печатницата. Тој во 1455 година ја отпечатил *Библијата.*

Ренесансата, како период на транзиција меѓу средновековната и модерната ***философска мисла,*** ги дала имињата на философите ***Николо Макијавели,*** кој се смета за првиот модерен политички мислител, потоа ***Томас Мор*** и др.



***Сл. 87 Мигуел де Сервантес***

Во областа на ***книжевноста,*** она што претставувал Данте за книжевноста во средниот век, тоа за ренесансната книжевност претставувале шпанскиот писател ***Мигуел де Сервантес,*** со најпреведуваното дело во светски размери *Дон Кихот* и главниот претставник од англиската ренесанса, ***Вилијам Шекспир,*** најголемиот поет и драматург на сите времиња, кој со своето дело *Ромео и Јулија*, оставил трајно влијание врз театарот и книжевноста.

✍***Потсети се:***

На часот со наставникот по македонски јазик, потсетете се на делата на Сервантес и Шекспир.

***Ренесансната музика*** се карактеризира со поголема употреба на инструментална музика. Се издвојува името на композиторот ***Клаудио Монтеверди,*** кој напишал една од најраните опери и чии дела го одбележуваат преминот од ренесансата кон барокот, па оттаму неговите дела можат да се сместат и во обата периода.

✍***Запомни:***

Крајот на ренесансната и почетокот на барокната музика е одбележан со појавата на ***првата опера,*** околу 1600 година.



# 6. Барок и рококо

- Културата и уметноста на барокот
- Културата и уметноста во рококо стилот

## Барок и рококо

### Резиме на темата

Барокот и рококо стилот се јавуваат по ренесансата, со сосема спротивни идеи. Наспроти ренесансата, која претставува урамнотеженост и мера, се наоѓаат:

- *барокот,* кој изобилува со движења и контрасти и тежнее кон возвишеното и славното и
- *рококо* стилот, кој тежнее кон допадливото и извештаченото (вештачкото).

### Клучни термини:

барок, рококо, балдахин, движење, возвишено, вештачко

# Барок и рококо

## Културата и уметноста на барокот

Културата и уметноста на барок стилот го зафаќа периодот од XVII и првата деценија од XVIII век. Се ширел во земјите на Западна Европа во кои католичката црква имала големо влијание: Италија, Шпанија, Португалија и Фландрија (Холандија). Не се појавил едновремено, па затоа барокните облици се разликуваат од една до друга земја.

✍**Запомни:**

Во европската уметност, под ***епоха на барок*** се подразбира периодот кој ја раздвојува ренесансата од епохата на неокласицизмот.

✍**Дознај повеќе:**

Со појавата на криза во Западна Европа, дошло до класна противречност и до селски буни. Се формирало граѓанско движење, *реформација,* чии интереси биле спротивни на католичката црква. Како реакција на граѓанското движење, се оформила *контрареформација,* предводена од страна на католичката црква која сакала да ги поврати угледот и власта. Моментот кога се јавува контрареформацијата, е почеток на една нова етапа на економски и политички развој во Западна Европа, но и почеток на нова етапа во културата и нов облик на уметничко творештво. Уште една појава која го одбележува барокот е оформувањето на држави со режим на апсолутистичка монархија. Во тој период со такво уредување била Франција, па затоа со барокната уметност се величал кралот. Во протестантските земји, развојот на барокниот стил бил поврзан со јакнењето и богатењето на буржоазијата.

Барокот првично се појавил во Рим, на почетокот на XVII век. Бидејќи католичката црква своето најголемо влијание го имала во папскиот Рим, Рим станал средиште на барокот. Со цел да се привлечат што повеќе верници, кај католичката црква се развила идејата за богато опремени цркви. Па затоа, Папската држава во Рим станала покровител на уметноста, со крајна цел, Рим да стане најубавиот христијански град. Така, од Италија, барокот се раширил низ цела Европа.

Иако барокните уметници се сметале за наследници на ренесансата, тие континуирано ги кршеле правилата на ренесансната уметност.

✍**Дознај повеќе:**

Зборот ***барок*** на шпански јазик значи *вид на бисер со неправилен и необичен облик.* Речиси во сите европски јазици, терминот *барок* претставува синоним за настрано, претерано, извештачено и апсурдно.

> ✍**Проект по избор:**
>
> *- плоштадот на црквата св. Петар, Рим*;
>
> *- дворецот Версај, Париз.*

## Барокна архитектура

Барокната архитектура започнала во ***Италија*** околу 1600 година, со Рим како средиште на барокот. Барокот се одликува со урбанистички уредувања на градови и плоштади надополнети со столбови и фонтани, кои станале многу важен елемент во барокот. Еден од најпознатите плоштади од времето на барокот е ***Плоштадот на црквата св. Петар во Рим,*** проектиран според урбанистичкиот план на ***Џан Лоренцо Бернини***, најзначајниот претставник на римскиот барок.



Сл. 88 Плоштадот на црквата св. Петар, Рим

Најсовршениот израз на ***францускиот барок*** е ***дворецот во Версај,*** кој бил резиденција на Луј XIV. Лоциран е во близината на Париз и бил изграден со намера да ги велича сјајот и моќта на владетелот. Обликот на дворецот послужил како позадина на огромниот ***парк,*** кој со бројните водни огледала и долгите праволиниски патеки, станал постојан елемент на француската архитектура надвор од градските средини. За најистакната барокна градба од ***Австрија*** се зема дворецот ***Белведере*** во близината на Виена.



Сл. 89 Сантијаго де Компостела, Шпанија

***Барокната архитектура во Шпанија*** се одликува со градби претоварени со украси и со растргнати линии. Типичен пример на шпанската барокна архитектура е катедралата ***Сантијаго де Компостела*** од истоимениот град, изградена со голема низа статуи, кули и шила.

Во црковната архитектура во Австрија и Германија се забележуваат градби на цркви со средишна купола и две странични кули, шема која е воведена од италијанскиот барок. Во овој стил е изградена црквата ***Св. Карло*** во *Виена*.

> ✍**Запомни:**
>
> *Брановидните ѕидови* се една од одликите на барокната архитектура, со кои се остварува постојано присутната идеја на барокот, ***движењето.***



Сл. 90 Аполон и Дафне, Бернини

## Барокна скулптура

Барокната скулптура бележи мал број на врвни скулптори, пред сѐ поради фактот, дека, скулптурата во овој период се сметала за надополнување на другите уметности. Оттаму, *основната одлика по која се препознава скулптурата во барокот, е нејзината сеприсутност.* Барокната скулптура, покрај вообичаените скулптури, била наменета за украсување, односно дополнување на архитектурата. Барокните скулптури секогаш биле претставени во движење и претставувале триумф во своето време. Пример е скулптурата на ***Аполон и Дафне*** од ***Џан Лоренцо Бернини***.



Сл. 91 Алегорија на планети и континенти, Тиеполо

## Барокно сликарство

Едно од големите обележја на барокното сликарство е *илузионистичкото украсување на ѕидовите на градбите*, чија цел била создавање на впечаток дека ѕидовите и таванот не постојат. На сликите се опишани сцени од животот на светците, историја на династии, легенди за херои и митолошки личности итн. Карактеристично за барокот е и ***сликањето во ѕидните венци.*** За најистакнат претставник на ѕидните венци, воедно и на доцниот барок и рококо стилот во Италија, се смета ***Џовани Батиста Тиеполо.***

Покрај ѕидното сликарство, се појавило и ***сликарството на платно,*** со карактеристика на *проучување на светлината и нејзините ефекти*. Овие ефекти како иновација во сликарството ги внел италијанскиот уметник ***Караваџо.*** Тој бил зачетник на сликањето на ***мртва природа****, слика која прикажува овошје, цветни аранжмани и различни предмети, насликани во ателје.*



Сл. 92 Мачење на Св. Матеј, Караваџо

Во Фландрија е создаден сликарски род врзан за *верното прикажување на секојдневната стварност,* кој не е забележан во Италија. Се врзува за два различни лика: ***Рубенс*** (Фландрија), прочуен по своите митолошки теми и ***Рембрант*** (Холандија), кој ја претставил онаа другата, драматичната страна на барокот. Рембрант во своите дела го развил најголемото барокно сликарско тежнеење: *ги прикажувал физичките, моралните и психичките особини на портретираните личности, кои ги постигнал со помош на светлосни контрасти и сенки*. Бил визионер, поет и мечтател кој се инспирирал од старите легенди, библии и евангелија кои ликовно ги интерпретирал.



*Сл. 93 Ноќна стража, Рембрант*

**✍Запомни:**

Барокот, како продолжување на уметничките, книжевните и музичките стилови од ренесансата, со текот на времето се развил во рококо стилот, кој траел до втората половина на XVII век, т.е. до појавата на класицизмот.

## Културата во ова време

Во ***барокната книжевност*** започнала употребата на стилски средства: метафора, контрасти, парадокс и др. Се пишувало *поезија,* т.н. ***маниризам,*** исполнета со љубовни стихови во кои детално се опишувала телесната женска убавина. Стиховите биле исполнети со неверојатна звучност, музикалност и сликовитост.

***Барокната музика*** *ја означува историската епоха на класичната музика.* Во овој период дошло до популаризација на оперите, се развиле инструменталната музика и се стандардизирале оркестрите. Од барокните музичари се издвојуваат имињата на ***Антонио Вивалди, Георг Фридрих Хендл*** и најдобриот композитор на сите времиња ***Јохан Себастијан Бах,*** чија година на умирање го означува крајот на барокната музика.



*Сл. 94 Јохан Себастијан Бах*

Моралната и политичката ***философска мисла*** од овој период, ги бележи врвните философски имиња: ***Франсис Бекон, Џон Лок, Спиноза, Жан Жак Русо*** и др.

**✍Дискутирај:**
На часот со наставникот разговарајте за философските размислувања од овој период.

> ✍**Запомни:**
>
> Последната етапа на барокот е рококо стилот, кој во Западна Европа траел до Француската револуција и смртта на Луј XVI .

## Рококо-стил

Стилот рококо се забележува во периодот на XVIII век во Франција, во која, како водечка земја во уметноста, се сметал за владејачки стил. Како главна карактеристика на рококо стилот се издвојува специфичниот вкус на аристократската класа за време на владеењето на Луј XV и Луј XVI. Се карактеризира со тежнеење кон елеганција, а во исто време и тежнеење кон необичното, извештаченото и претераното.



**Сл. 95 Сала за бал, Дворец на Катерина, Царско село**

***Применетата уметност,*** како важно дополнување на архитектурата, во овој период го доживеала своето златно време. Започнале да се изработуваат мебел, таписерии, огледала, на цена дошле порцеланските и сребрените предмети и др. Како составни делови од ентериерот се јавила употребата на *паркет, големи огледала* и *лустери,* од кои најмногу се ценеле ***венецијанските лустери*** изработени од стаклени капки, а истовремено се родила и модата на ***гоблените***.



**Сл. 96 Внатрешност на Базиликата во Отобојрен, Баварија**

***Архитектурата*** била насочена кон удобноста на ентериерот на градбите. Наспроти *Франција*, каде што архитектурата практично била ограничена само на париските аристократски куќи, во *Германија* таа се применувала во црковната архитектура. Во *Австрија* за најистакната рококо градба се зема ***дворецот Шенбрун,*** лоциран во близината на Виена.

# Барок и рококо



Сл. 97 Љубовен копнеж, Ж. А. Вато

***Скулптурата*** била насочена кон украсување на парковите, собите, скалите и сл. Во *Франција* бил воведен посебен вид на ***порцелан,*** т.н. ***biscuit,*** кој станал најважен рококо материјал за изработка на декоративни предмети.

Во ***сликарството*** се појавила употребата на ***пастел,*** обоени стапчиња од мрсна земја. *З*апочнале да се негуваат пејзажи со идилични сцени на вљубени групи, прикажани во игра со музика, т.н. *галантни свечености.*

Најистакнат претставник на галантните слики исполнети со љубовен и болен копнеж за живот е францускиот сликар ***Жан Антоан Вато,*** *творец на рококо стилот во сликарството.*

> ✍**Запомни:**
>
> *Пастелот и порцеланот биле главните обележја на рококо стилот.*

Научните достигнувања на ***философите – просветители*** станале моќно оружје во борбата против старите погледи. За вербата на луѓето кон знаењето и науката придонел критичкиот и научниот дух на философот ***Рене Декарт,*** особено со неговиот метод на расудување и со теорија на волјата.


ENCYCLOPEDIE,
DICTIONNAIRE RAISONNÉ
DES SCIENCES,
DES ARTS ET DES METIERS,
TOME PREMIER.

Сл. 98 Енциклопедија, Д. Дидро

***Литературата*** на почетокот на XVII век била создавана под утврден ред и строги правила. Но, под влијание на рацинализмот на *Декарт* во XVIII век, литературата започнала да обработува теми од природните и општествените науки. Се издвојува името на просветителот, писателот и философот ***Дени Дидро,*** кој бил автор на првата ***Енциклопедија*** која ја создавал 20 години. Пресвртот на човечките сфаќања довел до појава на ***класицизам,*** каде што литературата добила посовршен облик.

> ✍**Истражувај:**
>
> Која е познатата мисла на Рене Декарт?

> ✍**Направи проект:**
>
> Архитектурата во ренесансата, барокот и рококо стилот.



# 7. Европската култура и уметност во XIX век

- Класицизам
- Романтизам
- Реализам
- Импресионизам
- Културата и уметноста на балканските земји во XIX век
- Културата и уметноста на Македонија во XIX век

## Европската култура и уметност во XIX век

### Резиме на темата

Големата Француска револуција во 1789 година го бележи историскиот пресврт и доаѓањето на буржоаската класа на власт. Од ова случување, па низ целиот XIX век, развојот на културата и уметноста бил далеку побрз, отколку во претходните векови. Наспроти ренесансата и барокот кои траеле по два века, во XIX век развојот на уметноста бележи прогрес.

Неколку појави ја карактеризираат уметноста во XIX век:

- уметноста го губи единството кое се карактеризирало во стиловите; доминира сликарството; *наместо стилови се јавуваат* ***правци*** и
- уметноста се развива побрзо отколку во другите епохи и минува низ четири фази: ***класицизам, романтизам, реализам*** и ***импресионизам.***

Со појавата на Америка на уметничката сцена, т.н. ***западна уметност*** го губи карактерот на *уметност на Европскиот континент.*

### Клучни термини:

класицизам, романтизам, реализам, импресионизам

## Класицизам

✍Дискутирај:

На часот со наставникот разговарајте за разликите во уметноста меѓу барокот, рококо стилот и класицизмот.

По Француската буржоаска револуција, настојувањето кон едноставноста довело до враќање на уметноста кон антиката, со што се појавил нов правец, познат како ***класицизам*** или ***неокласицизам***. Класицизмот најрано созреал во Франција, а паралелно се развивал и во Италија, Германија и Англија. Доминира во областа на сликарството, додека скулптурата е помалку застапена.



*Сл. 99 Брандербуршка порта, Берлин*

***Архитектурата*** во класицизмот се карактеризира со поедноставна декорација. За најистакнати градби за време на класицизмот се земаат лондонскиот ***Британски музеј,*** потоа ***Брандербуршката порта*** во Берлин ***Миланската скала*** во Милано, ***Пантеонот*** во Париз и др.



*Сл.100 Паолина Боргезе, А. Канова*

***Скулптурата*** била под влијание на античкиот период и при нејзината изработка се тежнеело кон идеална убавина, по примерот на старогрчките и римските скулптури. Најпознатиот скулптор од класицизмот е ***Антонио Канова***. Се издвојува неговото дело ***Паолина Боргезе,*** сестрата на Наполеон, каде што е претставена на антички начин како Венера.

Во класицизмот најмногу доминира ***сликарството***, кое било инспирирано од античките скулптури. Бидејќи ренесансата претставува прва преродба на антиката, класицизмот претставува обид за втора, па оттаму тие се многу блиски. Овој стил во сликарството бележи звучни имиња.

✍Напиши есеј:

Опиши една од градбите во класицизмот.



Сл. 101 Заклетвата на Хорациите, Жак Луј Давид

Главен претставник на класицизмот е ***Жак Луј Давид,*** со чие дело ***Заклетвата на Хорациите*** за прв пат се остварило класичното сликарство. Тој бил првиот официјален дворски сликар на Наполеон. Насликал *големи платна* со мотиви од славата на Наполеон, од кои се издвојува *Крунисувањето на Наполеон* (Версај) итн.

Како претставник на неокласицизмот се издвојува ***Доминик Енгр***, најзначајниот сликар на ***потрети и актови,*** чија главна карактеристика во уметноста била љубовта кон жената.

***Истражувај:***

Културниот живот на луѓето во времето на класицизмот

***Философијата*** во овој период се темели на рационализмот. Во овој период биле актуелни и салоните во кои се ширело просветителството и образованието.

***Класицизмот,*** како правец и ***книжевен период*** се темели на философијата на рационализмот на Декарт и на античката литература, особено на *Поетиката* на Аристотел. Со лесен, милозвучен и певлив стил се појавува веднаш по барокот. Класичната книжевност негувала строги естетски правила и цврсто се држела до моралните принципи, дефинирани во трите големи жанрови: *трагедија, епопеја и комедија*. Се издвојуваат имињата на ***Молиер, Ла Фонтен, Гете*** и др.



Сл. 102 В. А. Моцарт на 14 годишна возраст

***Класичната музика,*** чија историска ера го одбележува периодот меѓу барокот и романтизмот, ги дала најдобрите композитори на сите времиња: ***Моцарт, Бетовен, Шуберт*** и др. Се издвојува името на ***Јохан Штраус Помладиот***, основачот на ***класичната Виенска оперета*** во која доминира ***валцерот.*** Штраус создал над 400 валцери, па оттаму бил наречен и „Крал на валцерот“. Еден од неговите најпознати валцери е ***На убавиот син Дунав***.

***Направи проект:***

Животот и делото на Моцарт, од неговите најрани почетоци, сè до неговата смрт.

## Романтизам

✍Запомни:

Како во романтизмот, така и во класицизмот се тежнеело кон враќање во минатото и обновување на старите стилови, особено барокот и готиката. Разликата меѓу нив е во изборот на темите.

Вториот правец во уметноста во XIX век е ***романтизмот,*** кој се јавува како спротивност на класицизмот. Уметниците, својот романтичарски немир го искажувале преку незадоволството од културата на буржоазијата која ја сметале за бесцелна и грда, како и од инспирацијата од Ориентот, благодарение на освојувањата на Египет од страна на Наполеон. Оттаму, романтизмот бил ненадминлив во Франција.



Сл. 103 Парламентот во Лондон

Во ***архитектурата*** не било создадено ништо оригинално, се имитирале историските стилови, особено готиката во Англија и барокот во Франција. Како најзначајни примери се издвојуваат ***Парламентот*** во *Лондон* и ***Париската опера***.



Сл. 104 Марселеза, релјеф, Триумфална порта, Париз

***Скулптурата*** во романтизмот најмногу доаѓа до израз во делата на француският уметник ***Франсоа Рид.*** Неговиот надалеку познат длабок релјеф ***Марселеза,*** на која е претставено заминувањето на доброволците во Револуционерната војна во 1792 година, е изведен на ***Триумфалната порта*** во ***Париз.***

Во овој период тесно се поврзуваат книжевноста, музиката и сликарството, но не се сведуваат под исто име. Во романтизмот, револуционерноста во ***сликарството*** се јавува преку ликовниот израз: *пејзажот* се јавува како посебна тема која ја изразува состојбата на душата на сликата, *карикатурата* бележи напредок, а се насетува и *акварелот*.

✍ Истражувај:

Преку енциклопедии или Интернет истражи за причината и почетоците на градењето на триумфалните порти низ светот.

# *Европската култура и уметност во XIX век*

Најпознати сликари во романтизмот се: ***Ежен Делакроа***, кој обработувал историски теми, а бил инспириран и од делата на Данте, Шекспир, Бајрон, под чие влијание ја насликал *Сарданапаловата смрт*, неговата најромантична слика; ***Франциско Гоја,*** шпански сликар од европски ранг и најистакнатиот сликар на романтичарските пејзажи; англискиот сликар ***Вилијем Тарнер*** и други.



***Сл.105 Сарданапаловата смрт, Ежен Делакроа***

Подоцнежната модерна ***философија*** се јавува на почетокот на XIX век и се врзува за името на ***Имануел Кант.*** Философските учења на Кант за критиките на рационалниот, чистиот и практичниот ум, како и критиката за моќта на судењето, извршиле големо влијание врз философите од XIX век, од кои се издвојува ***Хегел.***

***✍Дискутирај:***

На часот со наставникот по македонски јазик, потсетете се на стиховите на Бајрон и Едгар Алан По.

***✍Истражувај:***

Појдете во театар на опера или концерт на класична музика и напишете есеј за вашите впечатоци.

***Книжевноста*** го бележи периодот на тагување поради несовршениот свет и стварноста. Романтизмот, пред сè е лирска книжевност во која поетот се изразува себе, своите чувства и својата личност. Најзастапени се книжевните родови: поеми, романи во стихови, лирика, а за истакнати претставници се земаат ***Виктор Иго, Пушкин, Џорџ Гордон Бајрон, Едгар Алан По*** и др.

Првиот претставник на ***романтичарската музика*** е композиторот ***Франц Шуберт***, чија слава се јавила десетина години по неговата смрт. Овој период ги бележи врвните клавирски композитори: ***Фредерих Шопен, Франц Лист,*** оперски композитори ***Џузепе Верди, Рихард Вагнер*** и др.



***Сл.106 Џузепе Верди***

## Реализам

Кон средината на XIX век, новата развојна фаза во која влегуваат културата и уметноста е позната под името ***реализам,*** а се појавува во Франција за време на будењето на социјалната свест. Во овој период, уметниците настојувале да одат во чекор со крупните државни промени, да ги менуваат и критикуваат. Реализмот бил главно застапен во сликарството, а многу малку го има во скулптурата.

Во ***сликарството*** се залагале за отфрлање на религиозноста и митологијата и претставување на современиот свет онака како што го гледале. Главен и единствен претставник на реализмот е францускиот сликар ***Гистав Курбе***. Сликата *Погребот во Орнанс,* се смета за негово ремек–дело.

**✍Запомни:**

Духовниот живот во Франција во XIX век се одвивал во нова насока – ***позитивизам.***

Од философски аспект, *реализмот* е правец кој наивно и критички тврди дека светот постои независно од свеста и го спознаваме онаков каков е.

**✍Дознај повеќе:**

Според Курбе, сликата ги претставува: *„обичаите од моето време, онака како што јас ги гледам“.* Кога сликата се појавила, таа предизвикала скандал и се сметала за протест против морализмот и немање почит кон смртта.



***Сл.107 Погребот во Орнанс, Гистав Курбе***

И во ***литературата*** се забележува залагање за реализмот, како и опипување на реалните факти на стварноста и уверливоста во приказните. Најзначајни претставници се: ***Шарл Бодлер, Емил Зола, Ги Де Мопасан*** и др.

**✍Размисли:**

Кое било начелото на реалистите и за што се залагале?

# *Европската култура и уметност во XIX век*

> ✍**Запомни:**
>
> Научните сознанија дека светлоста е боја и дека во неа нема ниту бела ниту црна, дека една боја предизвикува појава на друга, наишле на целосна примена во сликарството на импресионистите.

## *Импресионизам*

Импресионизмот, се јавува во 70-тите години од XIX век во Франција, како движење на чисто ликовно поле и претставува една од најкрупните револуции во уметноста. Импресионизмот, всушност, претставувало друштво на уметници – истомисленици, поврзани повеќе со лично пријателство и заеднички непријатели, отколку со единство во убедувањата.



Сл. 108 Изгрејсонце, Клод Моне

Импресионистичкото ***сликарство*** дало голем број врвни уметници, од кои како најзаслужен се издвојува ***Клод Моне,*** по чија слика ***Импресија - Раѓање на Сонцето (Изгрејсонце)***, овој правец го добил името – ***импресионизам***.

За опсесија на импресионистите се сметало излегувањето надвор од своите ателјеа и сликање на сончевата светлина, заедно со сите промени кои таа ги предизвикува на предметите. Површината на импресионистичките слики е покриена со дамки од седум бои, а се елиминираат сите неутрални бои, особено црната.

> ✍**Истражувај:**
>
> Какво значење има денес *Ајфеловата кула* за Франција?

***Архитектурата*** во XIX век во поголем дел не е оригинална и ги обновува претходните стилови. Модерната архитектура која одговарала на барањата на индустриското општество, започнала со изградба на деловни и административни згради, стоковни куќи и др. Се издвојува ***Ајфеловата кула*** во *Париз*, подигната од ***Густав Ајфел*** во 1889 година, која означувала победа на железото како градежен материјал.



Сл. 109 Ајфелова кула, Париз

# Европската култура и уметност во XIX век

✍*Дознај повеќе за научно–техничките откритија во XVIII и XIX век:*

- Никола Тесла ја открил повеќефазната струја и ја претворил механичката енергија во електрична енергија;
- Џемс Ват ја открил парната машина;
- Американецот Роберт Фултон го конструирал првиот пароброд, а Англичанецот Џорџ Стивенсон првата парна локомотива;
- Иван Мендеелев го создал периодичниот систем на хемиски елементи;
- Алфред Нобел го открил динамитот;
- Луј Пастер ја открил вакцината против беснило и колера;
- Марија Кири Склодовска, пионер во областа на радиоактивноста, била првата и единствената жена добитничка на Нобеловата награда во две различни области на науката: физика и хемија;
- Семјуел Морзе го изумил телеграфот и ја создал *Морзеовата азбука;*
- Бенџамин Франклин го открил громобранот;
- Луј Брај го изумил писмото за слепи, *Брајово писмо.*

## Културата и уметноста на балканските земји во XIX век

Културата и уметноста на балканските земји во XIX век ја одбележуваат големите општествени промени, ослободителните движења на народите под турска и австроунгарска власт, будењето на националната свест и преродбата. Во овој период се истакнуваат идеите за национална рамноправност, верска слобода, како и културно и политичко зближување на балканските народи.

На Балканот, уметничките правци се појавиле со одредено задоцнување. ***Класицизмот*** негувал одредена сентиментална верзија, позната под терминот *бидермаер*. ***Романтизмот*** во архитектурата бележи нов начин на градење и нови стилски сфаќања, кои се јавуваат како резултат на школувањето на младите архитекти во Виена и Будимпешта. Во ***реализмот*** се забележува сѐ поголемо тежнеење кон академскиот реализам.

✍*Анализирај:*

Кои се достигнувањата на научно-техничките откритија и кои науки се развиле како резултат на нивната појава?



*Сл. 110 Орачи, Рихард Јакопиќ*

✍*Размисли:*

Што довело до будење на националната свест кај балканските народи?



Сл. 111 Рилски манастир, Бугарија

***Импресионизмот*** со голема сила ги зафатил српските, хрватските и словенечките сликари, кои во прв план ги истакнувале оптичките сензации на светлината, а понекогаш ја користеле бојата за искажување на душевната состојба.

Уметноста во XIX век во *Бугарија* била во сферата на европското просветителство со силно влијание на црквата. Од овој период е изградбата на ***Рилскиот манастир***, најголемиот и најпознатиот манастир во Бугарија. Се појавиле и *монаси* сликари кои правеле икони по нарачка за иконостасите во црквите. Се развила и графиката, на која ликовите на светците, сцените од житијата и сл., од дрвени или метални плочки биле отпечатувани на хартија.

**✍Истражувај:**

Кои дејности се одвивале во црковните и манастирските ќелијни училишта?

Придобивките од новите научно-технички откритија не го одбегнале ниту Балканскиот полуостров. Во текот на XIX век, во балканските земји кои биле под владеење на Османлиската Империја, од страна на повеќе европски земји биле изградени патишта, железнички пруги, телефонски и телеграфски линии итн. Благодарение на примената на техничките откритија, во балканските земји почнале да се развиваат рударството, металургијата, машинската техника итн.



Сл. 112 Портрет на Вук Караџиќ

Паралелно со развојот на индустријата, одел и развојот на културната и просветната дејност. Како реформатор на српскиот јазик и книжевност се јавил ***Вук Стефановиќ Караџиќ.*** Од Црна Гора се истакнува поетот ***Петар II Петровиќ Његош***, кој својата уметничка вредност во полето на литературата ја достигнал со поемата *Горски венец.* Во Албанија била воведена албанската азбука на ***Сами Фрашери*** со латинско писмо, а бил отпечатен и првиот буквар на албански јазик *Абетаре.*

**✍Дознај повеќе:**

Познатата изрека на Вук Стефановиќ Караџиќ е:

*„Пишувај како што зборуваш и читај како што е напишано“.*

✍**Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарајте за положбата и животот во градовите и селата во Македонија во XIX век.

✍**Направи проект:**

По избор, опис на манастир или црква во Македонија која ви оставила најголем впечаток.

## Културата и уметноста на Македонија во XIX век

Македонија во XIX век сè уште била дел од моќната Османлиска Империја. Економската и политичката несигурност, честите насилства, грабежи и разбојништва предизвикувале повлекување на незаштитеното население од селата во градовите. Со отворањето на селото кон градот, започнал забрзаниот процес на урбанизација на градовите кој довел до низа економски, социјални и културни промени. Со миграциите село–град се создала млада граѓанска класа, која заедно со трговците и занаетчиите имала одредено влијание врз духовниот, културно-уметничкиот и просветниот живот во тоа време.

Бидејќи црквите и манастирите биле единствените центри каде што се создавала и ширела црковната просвета и писменост, ***архитектурата*** во овој период била насочена кон обновување и сидање на нови цркви, на пр. црквата ***Св. Пантелејмон*** во *Велес.* Интензивна уметничка дејност се забележува во најголемиот манастирски комплекс ***Св. Јоаким Осоговски,*** лоциран во непосредна близина на *Крива Паланка*, чија внатрешност е декорирана со икони и резби од македонските копаничари. Најпознатите ***копаничари*** потекнувале од фамилиите на ***Фрчковци*** и ***Филиповци***, познати по т.н. плитка резба во дрво. Од ***зоографите*** се издвојува најпознатиот иконописец ***Дичо Зограф*** од *Мијачката школа,* кој во своето ателје подучувал млади зографи. Тој поседувал преведена и своерачно испишана ***ерминија*** (*упатство за сликање*).



*Сл. 113 Св. Пантелејмон, Велес*



*Сл. 114 Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка*

# Европската култура и уметност во XIX век

Од областа на ***сликарството,*** се истакнува сликарот ***Димитар Андонов–Папрадишки,*** чии портрети, пејзажи и композиции се работени на поедноставен начин. Тој при изработка на портретите користел жив модел и фотографија.



*Сл. 115 Автопортрет, Д. А. Папрадишки*

Со економското зајакнување на граѓанската класа се појавиле првите културно–просветни преродбеници. ***Почетоците на литературата на македонскиот народен јазик*** се поврзуваат со делата на ***Јоаким Крчовски*** и ***Кирил Пејчиновиќ. Првото световно училиште во Македонија на народен јазик*** е *отворено во 1837-1838 година во Велес, од страна на* ***Јордан Хаџи–Константинов Џинот***. Најзначајниот настан во македонската култура е објавувањето на *Зборникот на народни песни, гатанки и обичаи* од браќата ***Димитар и Константин Миладинов***.

***Изработи есеј:***

По избор, за значењето на македонските поетски дејци, преродбеници или учебникари.

Народното творештво добило клучна улога за развојот и афирмацијата на македонската народна свест. Се истакнуваат имињата на најголемите македонски поетски дејци ***Константин Миладинов***, ***Григор Прличев*** и ***Рајко Жинзифов.*** Се јавуваат и македонските учебникари, ***Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Ѓорѓија Пулевски*** и ***Димитар Македонски,*** кои со своите учебници, напишани на разбирлив македонски јазик го извршиле најголемото културно–просветно влијание во Македонија.



*Сл. 116 Тешкото, оро*

Од крајот на XIX и почетокот на XX век, македонскиот народ во својата огромна ризница од културното наследство го бележи и ***македонскиот фолклор,*** кој е еден од најбогатите во светот. ***Народните носии*** се вреднувани како врвни естетски и ликовни креации на македонската народна уметност, со над 70 различни видови носии украсени со вез, гајтани, ширити, реси, топчиња, разни апликации и др. Македонската народна традиција создала стотина ремек-дела на ***народни ора и песни***, интерпретирани со народните инструменти: ***зурли, тапани, гајди, кавали, гусли, дајриња*** итн.

***Истражувај:***

Со наставникот појдете до Музејот на Македонија во Скопје и погледнете ги македонските народни носии и инструменти. Направете проект за она што таму ќе го видите и дознаете.



# 8. Модерната уметност во XX век

- Неоимпресионизам
- Постимпресионизам
- Модерна скулптура
- Симболизам
- Фовизам
- Експресионизам
- Кубизам
- Футуризам
- Уметноста на апстракцијата
- Неопластицизам
- Надреализам
- Скулптурата во XX век
- Поп-арт и концептуализам
- Архитектурата во XX век
- Културата во XX век
- Културата и уметноста во XX век на балканските простори и во Македонија

## Модерната уметност во XX век

### Резиме на темата

Никогаш во историјата на човештвото уметноста не била толку противречна и сложена, каков што е случајот во XX век, кога од една страна била забранувана, спалувана, намразена и изложена на потсмев и критика, а од друга славена, празнувана и користена.

Сознанието дека Европа не е центар на светот и дека нејзината уметност не е ниту единствена, ниту најстара, довеле до радикални промени во сите уметнички форми. Во почетокот на XX век најсилното влијание врз европската уметност го остварува примитивната уметност, особено уметноста од африканскиот и полинезискиот свет од која биле инспирирани Пикасо, Матис, Брак и др., кои вредностите на спонтаното и изворното го откриле преку нивните скулптури и маски.

Модерната уметност ја бележат мноштво сликарски правци: неоимпресионизам, постимпресионизам, модерна скулптура, симболизам, фовизам, експресионизам, кубизам, футуризам, метафизичко сликарство, апстрактна уметност, неопластицизам, супрематизам, конструктивизам, дадаизам, надреализам, реализам, концептуализам, поп-арт итн. Сите овие уметнички правци застапени во разните уметнички форми во текот на XX век, дале врвни имиња од уметничката област, кои го одбележале дадениот период на нивното творештво. Дел од правците во модерната уметноста се забележуваат и во литературата, музиката и философијата.

### Клучни термини:

апстракција, неоимпресионизам, постимпресионизам, модерна скулптура, симболизам, фовизам, експресионизам, кубизам, футуризам, метафизичко сликарство, апстрактна уметност, неопластицизам, супрематизам, конструктивизам, дадаизам, надреализам, реализам, концептуализам, поп-арт

# Модерната уметност во XX век

## Неоимпресионизам

*✍Дискутирај:*

На часот со наставникот разговарајте за причините и појавата на модерната уметност во XX век во Европа.

***Неоимпресионизмот*** е правец кој се јавува по импресионизмот. Изучувајќи ги законите и теориите на боите, дошле до *оптичко мешање на боите*. Принципот на техниката е целото платно да се покрие со разнобојни точки, со чисти немешани бои, чиешто мешање би се извршило со окото на гледачот и дури тогаш би се остварила сензацијата на онаа нијанса, која сликарот ја ставил на платното. Сликата не само што ја дава светлината, туку и самата станува светлина. Оваа техника во сликарството предизвикала сензација. Појавата на неоимпресионизмот се поврзува со името на ***Жорж Сера.*** Овој правец имал големо влијание врз младите уметници.



*Сл. 117 Недела попладне на островот Ле Гранд Жат, Жорж Сера*

## Постимпресионизам

*✍Направи проект:*

По избор, на Интернет истражи за животот и делата на *Пол Сезан, Пол Гоген* или *Ван Гог* и направи проект за еден од нив.

Тројца уметници, сите трагичари на свој начин и различни по темперамент, стојат на чело, како предвесници, на модерната уметност на XX век: ***Пол Сезан, Пол Гоген*** и ***Ван Гог.***

Постимпресионизмот, како реакција на импресионизмот, се јавува во последните години на XIX век со холандскиот сликар ***Винсент Ван Гог,*** предизвикан поради неговата потреба да го изрази својот внатрешен свет. Сметал дека се доволни само две бои, црвената и зелената, за да ги изрази „*ужасите на човечката страст*“. Последното дело ***Гаврани над житото,*** е неговото најпотресно ремек–дело.

*✍Дознај повеќе:*

Ден по завршувањето на делото *Гаврани над житото*, на истото место во полето кое што го насликал, Винсент Ван Гог на 37 годишна возраст си го одзел животот со последните зборови: „*Никогаш нема да има крај на бедата.*“

# Модерната уметност во XX век



*Сл. 118 Гаврани над житото, Винсент Ван Гог*

### ✍ Дознај повеќе:

Постимпресионистичката уметност доживеала чудна судбина. Родена е на Запад, каде што е нападната како израз на болшевизам, модерно дивјаштво и хаос; во Русија првично била прифатена како прогресивна уметност, за потоа да биде нападната како уметност на буржоазијата; во нацистичка Германија е прогласена за дегенерирана уметност; во фашистичка Италија ја сметале за службена уметност на фашизмот. Иако негирана од едни, а форсирана од други, оваа уметност успеала да опстои повеќе од половина век.

## Модерна скулптура

Франција ја задржала водечката улога во скулптурната уметност во втората половина на XIX век. Модерната скулптура своите почетоци ги бележи со делата на ***Огист Роден***, најславниот француски скулптор. Бидејќи повеќе го интересирале емоциите, отколку монументалноста на делото, се трудел емоциите да бидат прикажани во сите делови на неговите скулптури.



*Сл. 119 Човек кој чекори, Огист Роден*

### ✍Размисли:

Кои се ремек-делата на Огист Роден и наведи ги нивните карактеристики?

# Модерната уметност во XX век

## Симболизам

***Симболизмот*** се јавува во втората половина на XIX век, како уметност која во меѓународни размери се проширила низ Европа. Сликите се богати со бои и обработуваат разни тематски области: митолошки сцени од класичните и библиските митови, се даваат ликовни прикази на теми од соништата, смртта итн. Симболите кои ги користеле уметниците при сликањето се лични, таинствени и неразбирливи за останатите. Со текот на времето, кога сликата започнала да се сфаќа како производ на духот, а не на она што се гледа, се јавила реакција против симболизмот.

Се издвојуваат делата на ***Густав Моро***, кои изобилуваат со митолошки и историски прикази: *Танцот на Салома, Клеопатра, Самсон и Далила, Прометеј* и др.

**✍ Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарајте за влијанието на симболизмот врз појавата на ***Новата уметност (Art nouveau),*** повеќе како философија, отколку како уметнички правец.



***Сл. 120 Танцот на Салома, Густав Моро***

## Фовизам

***Фовизмот*** се сметал за првиот правец во уметноста во XX век, кој сакал да се ослободи од илузионистичкото претставување на предметите. Се појавува речиси истовремено со експресионизмот, обата поттикнати од творештвото на ***Ван Гог.*** Основан е во парискиот *Есенски салон* во 1905 година, каде во една сала биле изложени слики на млади уметници, кои се издвојувале со интензитет на колоритот и по екстравагантност на цртежот.

**✍Дознај повеќе:**

Според досетката на критичарот за изложената скулптура во Салонот, направена во духот на раното фиорентинско вајарство (*Донатело меѓу дивите sверови – les fauves*), било изведено името на младите уметници, ***фовисти***, а нивната уметност била наречена ***фовизам***. Зборот *fauves* особено се однесувал на сјајната боја, која била поинтензивна од онаа на неоимпресионистите.

Од фовистите се издвојува името на **Анри Матис**, еден од најголемите колористи во XX век. Вредноста на неговите слики не лежи во точниот опис на предметите, туку во вредноста на ликовните елементи



Сл. 121 Зелената линија, Анри Матис

**Дознај повеќе:**

***Жорж Руо***, бил поблизок до германските експресионисти, отколку до француските фовисти, каде што припаѓал. Не бил љубител на чистата боја и никогаш не отстапувал од палетата на темни драматични тонови, сродни на неговото расположение. Неговите теми ги обработуваат Христовото страдање (*Главата на Исус*), а делото ***Одалиска*** се сметало за симбол на фовистите. Неговите графики спаѓаат во најдобрите работи во модерната графика. Серијата графики објавена под името ***Мизерија,*** е исполнета со ужасите и страдањата од Првата светска војна, во која тој ја прикажал вербата за спасение. Технички, овие листови графика се неговите ремек-дела.



Сл.122 Главата на Исус, Жорж Руо

**Размисли:**

Кои се карактеристиките на фовизмот?

## Експресионизам

Кризата на европската цивилизација, влијанието на сликарството на Ван Гог и примитивната уметност на Полинезија, најсилно одекнале во делата на германските ***експресионисти.*** Германските историчари и критичари под името ***експресионизам*** ги опфатиле сите револуционерни појави, кои се јавиле во уметноста во периодот од 1910 до 1920 година.

**Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарате за појавата на експресионизмот.

**Размисли:**

Кои мотиви ги обработува експресионизмот?

За најзначаен претставник на експресионизмот се смета Норвежанецот ***Едвард Мунк,*** со кого норвешкото сликарство за прв пат стекнува

светска слава. Мунк се смета и за *татко на експресионизмот*. Клучот на неговата уметност треба да се бара во неговото матно психолошко расположение: болест, страв, емоции, смрт, внатрешна паника, кои се, впрочем, основните теми во неговите дела. Неговото ширум познато дело е сликата ***Крик,*** за која објаснува дека настанала во период кога бил многу болен и му се причинувало дека недалеку во природата слуша врескот. Токму тоа што го почувствувал, го насликал. Создал слика со облаци обоени како вистинска крв. Како што вели самиот: *„Боите врескаат“.*



***Сл.123 Крик, Едвард Мунк***

***✍ Дознај повеќе:***

Во германскиот нацистички режим, уметноста на Мунк ја нарекле *дегенерирана* и му ги одзеле делата. За време на окупацијата на Норвешка, понудено му е колаборација, но тој одбил да биде член на *Почесниот уметнички совет.* Умрел пред крајот на војната.

***✍Дознај повеќе:***

Австриецот ***Оскар Кокошка*** се истакнал со своите портрети на писатели, музичари и актери, во кои не се занимавал со проблемот на формата и бојата, туку со остра експресионистичка студија, пробивајќи се до најинтимните делови на човечкото битие. Во неговите портрети, главната психичка улога ја играат рацете и лицето. Неговите дела ја делат истата судбина како делата на Мунк, биле одземени од страна на нацистите за време на Втората светска војна. Бидејќи и тој бил прогласен за *дегенериран уметник,* во знак на протест го насликал делото ***Дегенерираниот автопортрет***.



***Сл. 124 Автопортрет, Оскар Кокошка***

***✍Изработи есеј:***

По избор, животот и делото на Едвард Мунк или Оскар Кокошка.

## Кубизам

Кубизмот се јавува на почетокот на XX век во Германија, како втора струја, спротивна на фовизмот и експресионизмот. Именуван е по една слика на ***Жорж Брак*** во која доминирале ***кубови*** *(коцки),* па оттаму начинот на работата на новото сликарство е наречено ***кубизам.*** Кубистите не се задоволувале предметот да го претставаат од една страна, туку ги умножувале проекциите на истиот предмет, сакајќи на тој начин истовремено да прикажат повеќе негови страни. Се стремеле кон визуелно изразување на рационалната свест. Секако, секој сликар си имал свој начин на работење. За најистакнат претставник на кубизмот се смета шпанскиот сликар ***Пабло Пикасо.*** Неговото ремек–дело и слика на епохата е ***Герника*** (1937 година), инспирирана од Шпанската граѓанска војна. Именувана е по баскиското гратче Герника, бомбардирано од страна на фашистичката авијација.

***Запомни:***

Кубистите одредени парчиња од хартија, дрво, платно и др., ги лепеле на подлога, со цел на сликата да ѝ дадат материјална вистина. На овој начин е создаден ***колажот,*** кој во XX век повлекол низа уметнички откритија.

***Дознај повеќе:***

***Пабло Пикасо*** за време на својот живот поминал низ повеќе создавачки епохи: цртал актови на кои им наметнувал деформации на африканските скулптури, во 1908 година прв го создал ***колажот,*** а од 1910 година на колажот вметнал букви и зборови. Освен лепените делови, сè друго е нацртано на традиционален начин.



***Сл. 125 Герника, Пабло Пикасо***

# Модерната уметност во XX век

## Футуризам



Сл. 126 Центрифугално, Џино Северини

***Футуризмот*** бил бучен, агресивен и подигнал најмногу прашина во првата половина на XX век. Футуристите објавиле војна на минатото, сакале уништување на библиотеките, академиите и музеите, кои ги сметале за *„гроб на уметноста“*. Тврделе дека тркачкиот автомобил е многу поубав од статуата *„Нике од Самотраки“*, дека треба да се убие Месечината и ја славеле *„војната како единствена хигиена на светот“*. Една од најзначајните личности од футуристите е ***Џино Северини***.

**✍Размисли:**

Определи ги разликите во кубизмот и футуризмот. За пример од кубизмот посочи ги делата на Пикасо.

## Уметноста на апстракција

**✍Запомни:**

*Под поимот* ***уметност на апстракција*** *се подразбира процесот на расчленување и упростување на визуелната стварност.*

Иако апстракцијата е вклучена во секое уметничко дело, сè до периодот на раната ренесанса процесот на апстрахирање на предметот не бил ниту свесен, ниту контролиран. Со текот на времето, уметниците започнале да ги анализираат природните облици со помош на геометриските тела и форми, со цел откривање дали сликата во себе може да содржи одредена содржина и да пренесе одредена порака. Со ***апстрактната уметност*** се поврзува името на големиот руски сликар ***Василиј Кандински***, кој својата страст кон спиритуализмот и окултизмот ја пренел на своите дела.



Сл. 127 Композиција VI, Василиј Кандински

## Неопластицизам



Сл. 128 Композиција со црвено, сино и жолто, П. Мондријан

Холандскиот сликар ***Пит Мондријан,*** тежнеејќи да го надмине индивидуалниот израз во својата уметност, дошол до геометриското апстрактно сликарство, кое го нарекол ***неопластицизам***. За Мондријан, уметноста била израз на вистинска реалност и вистински живот, а нејзината цел била да го открие универзалниот аспект на животот. При создавањето на своите дела се користел со три бои: црвена, сина и жолта.

На другиот крај на Европа, скоро истовремено, се јавува група на руски уметници, т.н. ***Руска авангарда,*** кои ја делеле истата идеја. ***Казимир Маљевиќ*** прв ја довел апстракцијата до крајно геометриско упростување, што се забележува во неговото дело ***Црн квадрат на бело поле***.



Сл 129 Црн квадрат на бело поле, К. Маљевиќ

***✍Дискутирај:***

На часот, со наставникот разговарајте за карактеристиките и особеностите на апстрактната уметност на Василиј Кандински и неопластицизмот на Мондријан.

***✍Дознај повеќе:***

Масовните убиства за време на Првата светска војна кај уметниците предизвикале голем отпор кон естетските и моралните вредности од минатото. За време на војната, група на сликари, скулптори и книжевници во Цирих основале ново движење, наречено ***Дада***, а членовите се нарекле ***дадаисти.*** Тие ја негирале дотогашната реалност, особено уметничката. Преку непосредно создавање и поврзување на разните уметнички изрази, на пр. од поезијата, сликата, некој истрошен и отфрлен предмет и др., настојувале да ги уништат традиционалните вредности. Иако набрзо дадаизмот како правец престанал да постои (1922 година), сепак тој ги ослободил сите традиционални ограничувања наметнати на уметничките изрази и на тој начин го отворил патот на надреализмот.

# Модерната уметност во XX век

## Надреализам

> ✍ **Дознај повеќе:**
>
> Под влијание на психоанализата на Зигмунд Фројд, надреалистите ја откриле убавината во сферата на несвесното, имагинацијата, соништата и отсуството на контрола.

Во 1924 година надреалистите ја формирале естетиката на несвесното, ирационалното и автоматското. Еден од најзначајните претставници на надреализмот е шпанскиот сликар ***Салвадор Дали.*** Тој во своето дело ***Трајноста на сеќавањето*** со суперреалистичка постапка насликал неколку часовници, кои секако, како предмети ги препознаваме, но им дал морбидни облици на одрани кожи, со што ги довел во допир со други предмети. Со овие постапки на сликање на познати предмети и детали, но поставени во нелогични меѓусебни односи, Дали создавал една нереална атмосфера, која можеби некогаш ја доживуваме во соништата.



*Сл. 130 Трајноста на сеќавањето, Салвадор Дали*

## Скулптурата во XX век

Светски познатиот англиски скулптор ***Хенри Мур***, имал големо влијание врз развојот на модерната скулптура. Бил следбеник и љубител на уметноста на примитивните народи, а особено на онаа од Латинска Америка. Негови најчести теми се исправени, седечки и легнати фигури. Една од неговите ***Лежечки фигури*** покажува очигледна сличност со статуата на Маите од Чичен Ица, ***Чак-Мул, Духот на дождот.***



*Сл. 131 Чичен Ица, Чак-Мул, Духот на дождот*



*Сл. 132 Одмор после работа, Хенри Мур*

> ✍ **Дискутирајте:**
> На часот, со наставникот разговарајте за сличностите и разликите на скулптурите на Хенри Мур, со оние на Маите.

# Модерната уметност во XX век

## Поп-арт и концептуализам



Сл.133 Поп Арт III, Петер Блек

Реакцијата на сите видови на апстракции се јавува во 60-ите години во вид на ***поп-арт*** и нова фигурација. Иако поп-артот се родил во Велика Британија, својот развој ги доживеал во Америка, особено во Њујорк. Тој претставува одраз на масовните комуникации во општеството: телевизија, филм, реклама, сообраќајни знаци.

***Концептуализација*** или т.н. ***дематеријализирана уметност*** се карактеризира со укинување на готовото уметничко дело. Уметноста е претставена како идеја, забележана на фотографија, при што фотографијата го заменува делото или само го документира. Во себе вклучува: ***ленд-арт*** или ***земска уметност*** и ***боди-арт*** или ***телесна уметност.***



Сл. 134 Спиралата Џети, Роберт Смитсон

## Архитектурата во XX век

Архитектурата во XX век се смета за дел од урбанистичкиот развој. Градовите технички се опремувале, се изнаоѓале решенија за тековните проблеми поврзани со сообраќајот, изградбата на трговски центри, водовод, инфраструктура итн. Барањата на модерните архитекти се темелеле на употреба на конструктивни материјали, од кои приоритет имале железото, челикот и бетонот. Со развојот на техниката и науката и со употребата на новите материјали, дошло до промена на идеалот за убавина во архитектурата. Оттаму, таа станала строга, чиста и ослободена од секаква декорација.

✍Направи проект:

На Интернет истражувај за поп-арт, ленд-арт или боди-арт и изработи проект по избор.

✍ Дискутирај:

На часот, со наставникот разговарајте за карактеристиките на светската архитектура во XX век, на пр. за *Палатата на Обединетите нации*.

# Модерната уметност во XX век

За еден од првите големи модерни архитекти се смета ***Френк Лојд Рајт.*** Од неговите градби се издвојува ***Куќата на водопадот***.



Сл. 135 Куќата на водопадот, Френк Лојд Рајт

Во XX век е одбележано и создавањето на ***дизајнот (обликуван употребен предмет),*** како уметничко дело со посебна вредност. Карактеристично за дизајнот е *развивање на идеја од замисла до остварување*. Развојот на дизајнот за широката потрошувачка зависи од вкусот на широките народни маси или пак од *кичот* кој се јавил како универзална појава поврзана со модели, копии и репродукција на евтината уметност. Дизајнот мора да ја следи модата, бидејќи модата е еден од начините за чување на стилот, независно дали се работи за мебел, гардероба, исхрана, спорт итн.



Сл.136 Столот на Ритвелд

## Културатата во XX век

И покрај ужасите од Првата светска војна кои доведе до појава на социјални и политички последици, а благодарение на критичкиот тон кон стварноста, XX век бележи напредок во областа на науката, уметноста, литературата и музиката.

Изучувањето и практикувањето на философијата, како професионална дисциплина во рамки на универзитетите од XIX век, во XX век доведе до појава и развој на нови философски движења, како на пример: *егзистенционализам, феноменологија, позитивизам.*

***Литературата*** во XX век поминала низ нови движења. Се издвојуваат имињата на ***Шарл Бодлер, Оскар Вајлд***, ***Алберт Ками***, ***Умберто Еко.*** Иако кон крајот на XIX век романот станал главен литературен род, тој во XX век бил поразновиден и побогат. Длабоки промени во

**✍Изработи проект:**

По избор, омилен дизајн или омилена марка.

**✍Дознај повеќе:**

Војните во XX век во Европа:

- *Прва светска војна;*
- *Социјалистичка и комунистичка револуција во Европа;*
- *Втора светска војна.*

поезијата се забележуваат по Втората светска војна, кога литературата била освоена со песимистичко сфаќање за животот и човекот. Во романот се правеле нови обиди, во поезијата се отворале нови патишта, се отворале нови уметнички театри каде што се презентирале новите сфаќања на режисерите итн.

Слично на уметноста и литературата, и ***музиката*** во XX век поминала низ нови движења. Со разводнувањето на романтизмот во музиката кон крајот на XIX век, преку делата на композиторот ***Клод Дебисиј*** и неговите следбеници се одбележува периодот на музиката во XX век. Со текот на времето, бројни композитори навлегле во модернистичките музички стилови. Со појавата на радиото, новите технологии за снимање и репродукција, музиката доживеала голема популарност меѓу народот. Музиката во XX век се карактеризира со нова слобода, нови стилови и правци и широко музичко експериментирање.

**✍ *Дознај повеќе:***
Откритијата и изумите во XX век:

- Формулирање на општата теорија за релативност од Алберт Ајнштајн;
- Првиот лет со авион на браќата Врајт;
- Откривање на радиото и телевизијата;
- Првиот лет во Вселената;
- Откривањето на нуклеарна (атомска) енергија од Нилс Бор;
- Александар Флеминг го открил пеницилинот;
- Револуционерното откритие на компјутерот и компјутерскиот чип;
- Џејмс Вотсон ја открил структурата на ДНК .
- Макс Планк ја формулирал квантната теорија;
- Зигмунд Фројд ја основал психоанализата.

## *Културата и уметноста во XX век на балканските простори и во Македонија*

### *Културата и модерната уметност во XX век на балканските простори*

Модерната уметност во XX век, инспирирана со слободарските идеи за револуција и просветителство, не ги одминала ниту балканските простори. Балканските уметници обработувајќи мотиви од народната митологија, преку нагласувањето на реалното и митското, минливото и таинственото, новото и старото, го изразувале своето субјективно чувство за светот. Со текот на времето дошло до прифаќање на повеќето уметнички правци, а се создале и нови, на пр. ***социјалистичкиот реализам во уметноста,*** со карактеристични теми од НОБ, обновување и изградба на земјата итн.

**✍ *Анализирај:***

На часот, со наставникот разговарајте за откритијата во XX век и анализирајте ја нивната важност во секојдневниот живот на човекот.

**✍ *Дознај повеќе:***

Во балканските земји во повоениот период, во сликарството и скулптурата преовладувал *херојскиот* или т.н. *социјалистички реализам.*

# Модерната уметност во XX век

## Културата и модерната уметност во XX век во Македонија

**✍Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарајте за влијанието на модерната уметност на балканските простори.

Посочете примери од архитектурата, скулптурата и сликарството во Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Грција и Албанија.

Модерната македонска уметност се јавила како резултат на културното–историско наследство на Македонија, од нејзиното најрано постоење, сѐ до почетокот на минатото столетие, кое преку големиот број материјални и духовни споменици преставува сведоштво за долгиот континуитет за културната и уметничката традиција на македонското подрачје. Уметноста во XX век во Македонија, се забележува во сите форми на уметничкото постоење: архитектура, скулптурна, сликарство итн.



*Сл. 137 Стара железничка станица, Скопје*

Како значајни примери од ***архитектурата*** пред двете светски војни во Македонија се издвојуваат архитектонските градби од Скопје, од кои денес најголемиот дел не постојат: ***Домот на културата, Офицерскиот дом, Народната банка, Старата железничка станица, Народниот театар, Ристиќевата палата*** и др., а од Битола се издвојуваат ***Зградата на Битолската митрополија***, ***Битолската гимназија*** итн.

**✍Проект:**

По избор, на Интернет истражете некоја од старите градби во Скопје од XX век и изработете проект за една од нив.

Модерните текови на македонското современо ***сликарство*** се јавиле со првата генерација на сликари меѓу двете светски војни, а центар на тие случувања бил градот Скопје, каде што се одржувале ликовни изложби. Во 20-ите години од XX век се појавила првата значајна генерација на македонски уметници, од кои се издвојуваат ***Лазар Личеноски, Никола***

**✍Размисли:**

Кои од архитектонските градби од XX век денес сѐ уште постојат во Скопје?

***Мартиновски,*** а од повоениот период се издвојуваат имињата на ***Петар Мазев*** и на многу други врвни сликари од разни уметнички правци. Основоположник на уметноста на ***мозаикот*** во Македонија е сликарот ***Лазар Личеноски,*** кој, исто така, се истакнува и по своите фрески, икони и таписерии. Во XX век Македонија ги бележи почетоците на *фотографијата и филмот, цртежот и графиката, монументалната уметност и современата скулптура* итн.



Сл. 138 Мајка со дете, Никола Мартиновски

Еден од основоположниците на современиот македонски литературен јазик и автор на книгата *За македонцките работи* е ***Крсте Петков Мисирков,*** кој се смета за духовен столб на македонската култура. На преминот од XIX кон XX век се издвојуваат литературните творештва на: ***Марко Цепенков,*** големиот собирач на народни приказни и умотворби; ***Којдан Чернодрински,*** првиот македонски драмски автор. По Втората светска војна ***Славко Јаневски*** го отпечатил првиот роман на македонски јазик *Село зад седумте јасени.*



Сл. 139 Везилка, мозаик, Лазар Личеноски

Првата група на професионални македонски композитори се јавува меѓу двете светски војни, од кои се издвојуваат имињата на ***Живко Фирфов***, основоположникот на македонската наука за музички фолклор, ***Стефан Гајдов, Трајко Прокопиев*** и др. Во овој период се формираат ***Македонската филхармонија*** и ***Македонската опера и балет.***



Сл. 140 М. А. Ченто, споменик, Скопје

**✍Дознај повеќе и запомни:**

За време на Втората светска војна, значаен придонес во борбата за независност на Македонија дал македонскиот национален борец, политичар и деец ***Методија Андонов Ченто,*** кој станал прв претседател на Президиумот на АСНОМ и прв претседател на Македонија. На референдумот на ***8-ми септември 1991 година*** е прогласена сувереноста, независноста и самостојноста на Република Македонија и на македонскиот народ.

**✍Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарајте за културниот живот во Македонија во XX век



# 9. Културата и уметноста на Далечниот Исток и Јужна Америка

- Културата и уметноста во Индија
- Културата и уметноста во Кина

Културата и уметноста во Јужна Америка

## Културата и уметноста на Далечниот Исток и Јужна Америка

### Резиме на темата

Културата и уметноста на Далечниот Исток и Јужна Америка имаат длабоки историски корени. Тие се едни од најстарите места во светот каде што се развиле древните цивилизации со богата култура и уметност, чии остатоци денес претставуваат светско културно–историско наследство, а дел од нив се прогласени и за светско чудо.

Уметноста на Индија, Кина и Јужна Америка – Мексико, изобилува со бројни културни, материјални артефакти, единствени по својата форма и намена. Нивната култура и уметност, кои се јавуваат како резултат на различноста на нивните религии и народни традиции, бележат мноштво изрази, неповторливи и незабележани во останатите цивилизации од древниот свет.

### Клучни термини:

Буда, храм, камен-ступ, змеј, пагода, хартија, Кинески ѕид, Мачу Пикчу, камени војници

✍**Дискутирај:**

На часот, со наставникот разговарајте за појавата и почетоците на културата, уметноста и религијата во Индија.

## Културата и уметноста во Индија

Културата и уметноста во Индија, кои се темелат на нејзиното богато културно и материјално наследство, своите почетоци ги бележат од најдалечното минато. Богатите обичаи и традиции пренесени од долината на реката Инд, од античкото време, преку периодот на Ведите, Буда, муслиманските освојувања и европските колонизации, оваа уметност ја прават единствена во својот вид. Индиската култура и уметност, кои се јавуваат како резултат на различноста на индиската религија и традиција, бележат мноштво изрази, манифестирани низ просторот и времето.



*Сл. 141 Голема бања, Мохенџо-Дару*

***Архитектурата*** во Индија бележи континуитет од најдалечното минато. За најрани архитектонски градби во Индија се сметаат градските населби ***Мохенџо-Дару*** и ***Харапиу,*** наречени ***„Цивилизации на реката Инд“.*** Нивната главна карактеристика се добро испланираните градови со куќи и улици, за кои се смета дека се изградени без религиозно влијание.



*Сл. 142 Хинду храм, Делхи*

Религиозното влијание во архитектурата започнало со појавата на индиската религија ***будизам***, кога започнале да се градат будистички и Хинду храмови. Еден од најголемите будистички храмови во светот е ***Хинду храмот во Делхи.***

Се издвојува и ***издлабена архитектура на свети пештери*** кои имале улога на манастири и храмови. Најголемиот сјај го достигнале ***пештерите на Аџанта во Хидерабад***.



*Сл.143 Пештерите на Аџанта, Хидерабад*

Муслиманското влијание се јавило како резултат на муслиманските освојувања во XII век, кое довело до креативно спојување на

индиската култура со исламската.

Под влијание на индиската култура во периодот од V и XIV век, Камбоџа го доживеала својот уметнички раскош. Будистичката уметност во Камбоџа се забележува во ***храмот – планина Ангкор-Ват*** од XII век, изграден со повеќекатни тераси, скалести кули и скулптури на кои се претставени релјефи со ликови на танцувачи.



*Сл. 144 Храм-планина, Ангкор-Ват*

***Индиската скулптура,*** исто така била инспирирана од *будизмот.* Почетоците датираат од III век пр. н. е., во долината на реката Ганг, каде е откриен т.н. **камен-ступ,** споменик кој се користел во религиозни цели, особено погреби. Се издвојува скулптурата на ***Големата ступа во Санши,*** на која се забележуваат мотиви од персиската уметност (крилести лавови).



*Сл. 145 Голема ступа, Санши*

По освојувањата на дел од територијата на Индија од страна на Александар III Македонски (областа Гандара, денешен Авганистан и дел од Пакистан), во создавањето на ликовите на Буда се забележува хеленистичкото, а подоцна и римското влијание. Во Индија, религијата на будизмот се претопила во ***хиндуизам****,* која се смета за постара домашна религија.



*Сл. 146 Буда во размислување, Сарнат*

Женската естетска нагласениот во индиската скулптура се должи на религиозните чувства на Хиндусите, според кои, во светот не постои ништо отсечено, сè се наоѓа во сè и ниедна работа не е одвоена од својата средина. Индиската уметност, претставена преку разните изведби на божествата, како симболи на универзалните сили, ни ја предочуваат нивната креативност која се појавува како резултат на нивните религиозни чувства.

***✍Изработи есеј:***

Опиши една од најзначајните градби во Индија.

## Културата и уметноста во Кина

Културната и уметничката традиција во Кина, несомнено се најдолгите традиции во светот. Започнуваат од III милениум пр. н. е. и се должат на кинескиот традиционален начин на живот. Лулката на кинеската култура е на сливот на реката Хоангхоа, *Жолта река,* додека периодизацијата на кинеската уметност се должи на смените на владеењата на династиите.



Сл. 147 Махота пагода

***Архитектурата*** во Кина своите почетоци ги бележи од најдалечното минато, но поради дрвото кое се користело како основен материјал за градба, сочувани се само бледи остатоци. Кинеската архитектура ја одбележуваат сакралните градби, храмовите и царските дворци, но и типичните семејни куќи. Најкарактеристичен архитектонски облик по кој е позната Кина е ***пагода***. Архитектонскиот симбол, по кој се препознава Кина во светот и едно од седумте светски чуда е ***Кинескиот ѕид***, колосален бедем во должина од 3000 км со поставени стражарници, лоциран на северозападните делови на Кина.

**Размисли:**

Спореди ја кинеската архитектура со архитектурата на европските цивилизации.



Сл. 148 Кинески ѕид

За најкарактеристичен мотив во кинеската ***скулптура*** се издвојува ***мотивот со змеј***, кој се сметал за царски симбол, за кој се верувало дека претставува небесно битие, кое на земјата има улога на гласник.

Во ***сликарството***, типичната кинеска слика се јавува заедно со поетски состав, во кој се велича душевната состојба на уметникот или пак, поводот да се нацрта сликата. Без разлика дали се цртало со четка или туш, на свила или хартија, текстот бил напишан со стилизирани потези со четка, од циглестоцрвена до црна боја. На овој начин гледачот можел



Сл. 149 Кинески змеј

да ужива едновремено и во сликарството и во поезијата, што претставува единствен случај во светот. Карактеристично е и сликарството на ***папирусни свитоци***, кои освен што лесно се пренесувале, служеле и како вид на филмски ленти на кои можело да се води долг разговор со помош на слики. Се издвојува и ***сликањето на бамбус,*** кое било многу омилено и раширено во Кина. Техниката на сликањето се должи на внимателно набљудување и познавање на ова растение.



*Сл. 150 Свиток*



*Сл.151 Слика на бамбус, Ли Кан*

Од ***применетата уметност*** во Кина, најпознати во светот се предметите изработени со ***сино-бел порцелан од династијата Минг.*** Декорацијата на садовите вообичаено била со цветни мотиви.

Во време на периодот кога Кина најмногу ги проширила своите граници, под влијание на ***конфуцијанската религија*** се оформиле законите за традиционалните кинески сфаќања за моралот и воспитувањето и се утврдиле строгите односи меѓу царот и народот, родителите и децата. Сите овие размислувања подоцна се преточени во сликарството.



*Сл. 152 Порцеланска вазна, Династија Минг*

***✍Дознај повеќе:***

Кинезите се сметаат за пронаоѓачи на ***хартијата.*** Тие први ја осмислиле техниката за нејзиното производство и долго време ја чувале во тајност. Тајната била откриена во средината на VIII век од страна на неколку кинески заробеници. Со цел да се ослободат од заробеништво, Кинезите на Арапите им ја откриле тајната за развивање на вештината за производство на хартија. Арапите, преку освојувачките походи на Запад, ја пренеле технологијата во Африка и Европа.

***✍Изработи есеј:***

По избор, опис на една од типичните кинески слики, сликање на бамбус или папирусни свитоци.

## Културата и уметноста во Јужна Америка

Територијата на Јужна Америка, од најдалечното минато изобилува со богатото материјално богатство, со кое се потврдува културата на тамошните народи, уште пред откривањето на Америка од страна на ***Америго Веспучи*** и ***Кристофер Колумбо.*** Археолошките откритија и материјалните докази, сведочат за постоењето на древни цивилизации на територијата на денешно Мексико, познати како ***Маи, Ацтеки, Олмеки*** и ***Толтеки.*** Заедничко за овие древни народи е користењето на симболично – идиографско писмо, чие дешифрирање би помогнало да ги открие нивните важни историски и религиски моменти.

Древните цивилизации од пред колумбискиот период, во Јужна Америка егзистирале од 1500 година пр. н. е. до 1520 година од н. е., времетраење кое е поделено на три периоди: ***претикласичен, класичен и покласичен период.***

*Претикласичниот период* ја одбележува цивилизацијата на ***Олмеките,*** која како „мајка на другите“ се смета за најстара. За нивното постоење сведочат ***Колосалните глави,*** кои ги посведочуваат Олмеките како мајстори при моделирање на камен. Обработка на камен се забележува и кај Толтеките, на пр. ***камените војници***.

***Маите*** го одбележуваат *класичниот период*. Пирамидите кои ги граделе *Маите* се едни од најголемите скалести пирамиди направени на територијата на Мексико. Градени се од делкан камен, чија цел била да се создаде слика на скалила, кои водат до небото. На врвовите од

***✍Истражувај:***

Кога се откриени остатоците на древните цивилизации во Јужна Америка: Маи, Ацтеки, Олмеки и Толтеки и кои денешни држави се наоѓаат на нивните територии?



***Сл. 153 Глава, висина 3 м, Олмеки***



***Сл. 154 Камени војници, Толтеки***

***✍Изработи есеј:***

По избор, за културата и уметноста на една од древните цивилизации во Јужна Америка.

повеќето пирамиди се забележува платформа, за која се претпоставува дека служела за религиозни цели. За цивилизацијата на Маите сведочи еден од најголемите археолошки локалитети во Мексико, ***Чичен Ица,*** кој во 2007 година е прогласен за едно од седумте светски чуда на новиот свет.



*Сл.155 Кукулканова пирамида, Чичен Ица*

***Ацтеките,*** исто така се сметаат за староседелци на денешно Мексико и го одбележуваат *покласичниот период*. Многу порано пред тие да ја достигнат својата моќ, мексиканската долина, поради својата плодност и петте езера, претставувала центар на цивилизацијата. Бројните археолошки наоди и материјални останки говорат за високо развиена цивилизација.

***✍Дискутирај:***
На часот, со наставникот разговарајте за освојувањето и уништувањето на древните цивилизации во Јужна Америка од страна на шпанските освојувачи.

.



*Сл. 156 Мачу Пикчу, Инки, Мексико*

***✍Дознај повеќе:***
Во Мексиканската долина се развивала цивилизацијата на ***Андите,*** со седиште во Перу. Во овој дел егзистирала и прочуената цивилизација на ***Инките,*** за која ни сведочи археолошкиот локалитет на нивниот свет град, ***Мачу Пикчу***, кој, исто така, е прогласен за едно од седумте светски чуда на новиот свет.

## А

**анимизам,** примитивно верување дека сè што постои има душа.

**антропоморфизам,** верување дека божествата имаат облик и карактеристики на човекот.

**апстракција,** нешто нестварно, што постои само како поим во мислите.

## Б

**баптистериум,** капела покрај црква или дел од црква во која се врши крштавање, крстилница.

**барок,** стил во европската уметност чии главни карактеристики се претеран декоративен раскош.

**будизам**, индиска религија што ја основал Буда, учење на Готама Буда.

## Г

**готика,** уметнички стил кој се одликува со високи градби со стрмни покриви и со китнеста надворешна обработка.

## Е

**експресионизам,** книжевен и уметнички правец од почетокот на XX век

**епископ,** висок црквен свештеник.

**ерес,** учење што се разликува и отстапува од вистинското учење, во однос на прашањата за верата, кривоверство.

**естетика,** наука за убавото во природата и во уметноста.

## И

**иконостас,** дрвена резбана преграда со икони што го дели олтарот од другиот дел на црквата.

**импресионизам,** правец во уметноста и книжевноста што се стреми кон прикажување на субјективни впечатоци.

**ирационално,** неразумно, она што е во спротивност со разумот.

## К

**класицизам,** правец во книжевноста и уметноста што се угледува на античката (старогрчка и римска) и ренесансната книжевност и уметност.

**комненски период** (*периодот на Комнените*), наречен по принцот Алексиј Комнен, значаен по сликарството на фрески и мозаици.

**концептуална уметност**, уметничка насока во која тежиштето се става на идејата, а не на формата.

**кубизам,** уметнички правец чии претставници ги сведувале човечките фигури и предметите од природата на геометриски облици, коцки, квадрати и др.

## М

**мегалити,** огромни камени блокови од помладото камено време што служеле како надгробни споменици и жртвеници.

**минаре,** висока, тенка кула покрај џамија од која оџата ги повикува верниците на молитва.

## Н

**надреализам,** литературен и уметнички правец кој се стреми кон претставување на ирационалното и неизвесното.

**натурализам,** правец во литературата и уметноста што се стреми кон што поверно прикажување на природата и животот.

**некропола,** подземна гробница, гробишта

**неоимпресионизам,** модернистички правец во сликарството.

**неопластицизам,** еден од правците на апстрактното сликарство во кој преовладуваат геометриските елементи.

## О

**опсерваторија,** специјално уредена зграда за астрономски, метеоролошки и слични набљудувања.

## П

***пагода,*** кинески градби градени според каноните на кинеската архитектура: катовите се издвоени со извиени кровови, со три реда тераси, опкружени со ред тенки столбови.

**пантомима,** театарска претстава во која чувствата, мислите и дејствата се прикажуваат со движења на лицето, рацете и телото, без говор.

**позитивизам,** философско учење што се задоволува со утврдување на фактите.

## Р

**рационализам,** примена на разумот во сè што му е дадено на човекот во искуството.

**реализам,** правец во литературата и уметноста што настојува да ги изрази во најголема целосност карактеристичните црти на стварноста, на животот.

**реконструкција,** реорганизација.

**романтизам,** правец во литературата и уметноста што се одликува со идеализирање на минатото и целосна слобода во изразувањето.

## С

**симболизам,** уметнички и литературен правец кој апстрактните појави и чувства ги изразува со симболи (знаци).

**синкретизам,** во философијата претставува комбинација, услогласување на спротивни погледи, навидум несврзливи и противречни.

## Т

**табу,** забрана, неприкосновеност и светост на некои предмети, места, зборови, чие нарушување повлекува смрт или болест на прекршителот.

**тотем,** животно, растение или предмет што кај некои заостанати племиња се обожава и се смета за предок на племето.

**тотемизам**, култ, обожавање на тотем; еден од најраните облици на религија.

## У

**урна,** каменен, глинен или метален сад во кој се чува пепелта од покојник.

## Џ

**џамија,** поголем муслимански верски храм.

## Користена литература


- **Arnason, H. H.** (1974) *Istorija moderne umetnosti,* Beograd;
- **Битракова–Грозданова, В.** (1999) *Религијата и уметноста во Антиката во Македонија,* МАНУ, Скопје;
- **Blackburn, B., Holford–Strevens, L**. (1999) *Oxford Companion to the Year, An exploration of Calendar Custom and time–reckoning,* Oxford University Press;
- **Boardman, J., Griffin, J., Murray, O.** (2003) *The Oxford History of the Classical World,* alt.binaries.e-book (HTML-UBook);
- **Boardman, J., Edwards, I. E. S., Hammond, N. G. L., Sollberger, E., Walker, C. B. F.** (2008) *The Cambridge Ancient History,* Cambridge University Press;
- **Burkert, W.** (1987) *Ancient mystery Cults*, Harvard University Press;
- **Величковски, В.** (1989) *Современа македонска скулптура*, Скопје;
- **Дуев, Р.** (2009*) Музиката во микенскиот свет и Хомер,* Скопје;
- **Ilievski, Hr. P.** (1989) *„Doprinos linearnih B tekstova u rasvetljavanju Grčke religije kasne bronzane epohe“,* Godišnjak, Knjiga XXVII, Sarajevo;
- **Илиевски, Хр. П.** (1996) *Појавата на словенската христијанска култура,* МАНУ, книга 4, Скопје;
- **Илиевски, Хр. П.** (2000) *Животот на Микенците,* Скопје;
- **James, E. O.** (1961) *Comparative religion,* Methuen and CoLtd., London;
- **Jason, H. W.** (1964) *Istorija Umetnosti,* Leksikografski zavod FNRJ, Zagreb;
- **Jotischky, A., Hull, K**. (2005) *Historical Atlas of the Medieval World*, Penguin Books, London, England;
- **Lesky, A.** (1966) *History of Greek Literature,* London;
- **Машкин, Н. А.** (1994) *Историја на Стариот Рим,* Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“, Скопје.;
- **Mcillop, H.** (2004) *The Ancient Maya, New perspectives,* Oxford, England;
- **Merrit, B. D.** (1961) *The Athenian Year,* Berkeley.
- **Митевски, В.** (2001) *Античка епика*, Матица македонска, Скопје;
- **Папазоглу, Ф.** (1957) *Македонски градови у римско доба,* ЖАНТ, посебна издања књига I, Скопје;
- **Parker, R. A., Dubberstein, W. H.** (1956) *Babylonian Chronology, 626 B.C. – A.D. 75,* Brown University Studies XIX, Providence, Rhode Island;
- **Prettejohn, E.** *(2005) Beauty and Art, Oxford history of Art,* Oxford;
- **Проева, Н**. (1997) *Студии за античките Македонци,* Скопје;
- **Protič, B. M.** (1982) *Skulptura XX veka, Jugoslavija spektar;*
- **Ренак, С.** (1990) *Општа историја ликовних уметности,* шесто издање, Београд;
- **Ростовцев, М.** (1974) *Историја старог света*, Нови Сад;
- **Флашар, М.** (1986) *Повести из античке књижевности*, Српска књижевна задруга, Београд;
- **Hammond, N. G. L.** (1972) *A History of Macedonia*, Volume I, Historical geography and prehistory, Oxford;
- **Hornung, E., Krauss, R., Warburton, A. D.** (2006) *Ancient Egyptian Chronology,* Brill Leiden, Boston;
- **Hughes, J.** (1990) *Secrets of the Times, Myth and History in Biblical Chronology,* Sheffield Academic Press, The University of Sheffield, England;
- **Čedvik, Dž**. (1980) *Mikenski svet,* Beograd;
- **West, M. L.** (1971) *Early Greek philosophy and the Orient*, Oxford.